"Gjobë në shumë prej 30% nga gjoba e matur për personin juridik respektivisht për tregtarin individual do të shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni në personin përgjegjës në personin juridik respektivisht tregtar individual."

Në paragrafin 4 pas fjalët: “person juridik " shtohen fjalët: “ respektivisht person përgjegjës në tregtarin individual".

Në nenin 5 paragrafi 3.000 deri "shlyhen.

Paragrafi 6 ndryshohet dhe vijon:

Gjobë në shumë prej 30% nga gjoba e matur për këmbimore do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 pika 30 të këtij neni i personit përgjegjës në këmbimore".

Në paragrafin 7 fjalët: “1.500 deri 3.000 euro" zëvendësohen me fjalët: “1.000 deri 1.500“ .

Neni 4

Në nenin 56–b paragrafin 1 në fjalinë hyrëse fjalët: “2.000 deri" shlyhen, kurse pas fjalës "person" shtohen fjalët: “ respektivisht tregtar individual".

Paragrafi 2 ndryshohet dhe vijon:

"Gjobë në shumë prej 30% nga gjoba e matur për personin juridik respektivisht për tregtarin individual do të shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni në personin përgjegjës në personin juridik respektivisht tregtar individual."

Pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3 si vijon:

"Gjobë në shumë prej 400 deri 600 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet në personin fizik rezident ose jorezident për kundërvajtje nga paragrafi (1) të këtij neni."

Neni 5

Në nenin 57 në paragrafin 1 alinetë 1 dhe 2 ndryshohet si vijojnë:

"- për personin përgjegjës, respektivisht tregtar individual në kohëzgjatje prej 30 ditësh dhe për person fizik në kohëzgjatje prej 15 ditësh".

Neni 6

Në nenin 57-v në paragrafin 7 fjalët: “padi për ngritjen e kontestit administrativ para gjykatës kompetente" zëvendësohen me fjalët: “ankesë deri te Komisioni Shtetëror për vendimmarrje në shkallë të dytë në sferën e mbikëqyrjes inspektuese në procedurë kundërvajtëse".

Neni 7

Neni 57-d ndryshohet dhe vijon:

"Për kundërvajtjet e kryera nga ky ligj, përveç për kundërvajtje nga neni 56-a paragrafi 1 pika 22 dhe 28 nga ky ligj, personi përgjegjës nga organi i mbikëqyrjes (në tekstin e më poshtëm: persona të autorizuar), gjatë konstatimit të kundërvajtjes janë të obliguar kryerësit të kundërvajtjes t'i propozojnë procedurë për barazim me lëshimin e urdhër pagesës kundërvajtëse, para se të parashtrojnë kërkesë për procedurë kundërvajtëse.

Nëse personi përgjegjës konstaton kundërvajtje, është i obliguar të përpilojë procesverbal në të cilën do të shënojë të gjithë elementet e rëndësishme të veprimit të cilat dalin nga shënimi juridik i kundërvajtjes, koha, vendi dhe mënyra e kryerjes së kundërvajtjes, përshkrimi i veprimit dhe personat të takuar në vendin, ta ofrojë personit përgjegjës në personin juridik ose personi i cili ka autorizim me shkrim se ka të drejtë ta nënshkruaj procesverbalin, i njëjti ta nënshkruaj

Më përjashtim nga paragrafi 2 të këtij neni, nëse personi i autorizuar kundërvajtjen e përcakton personalisht ose e konstaton me nevojën me mjete teknike përkatëse dhe pajisje, respektivisht me të dhëna nga evidenca zyrtare, procesverbali e nënshkruan vetëm personi i autorizuar.

Nëse kryerësi e pranon veprën që i vihet në barë ose nëse personi i autorizuar kundërvajtjen e përcakton personalisht ose e përcakton me përdorimin e mjeteve teknike dhe pajisje, personi përgjegjës menjëherë e lëshon urdhër pagesën kundërvajtëse.

Urdhërpagesa kundërvajtëse përmban: Emri personal, adresa dhe numri amë i qytetarit, nëse bëhet fjalë për të huaj edhe numri i pasaportës dhe shteti, kurse për person juridik, emri, selia dhe numri tatimor, vendi dhe koha e kryerjes së kundërvajtjes, kualifikimi juridik i kundërvajtës, shuma e gjobës, numri i llogarisë për pagim dhe këshilla juridike.

Pas pranimit dhe nënshkrimit të urdhër pagesës kundërvajtëse, kryerësi është i obliguar ta paguaj gjobën në afat prej tetë ditësh pas pranimit urdhër pagesës kundërvajtëse në llogarinë e shënuar në urdhër pagesën e paguar.

Kryerësi i cili do ta paguaj gjobën në afatin nga paragrafi 6 të këtij neni, do ta paguaj gjysmën e gjobës së shqiptuar, për të drejtën e secilës mësohet në këshillën juridike.

Kryerësi i cili me largim për shkak të qëndrimit jashtë vendit do mund t'i shmanget e pagimin e gjobës, është i obliguar të paguaj gjobën e shqiptuar me urdhër pagesë kundërvajtëse.

Nëse kryerësi nuk e paguan gjobën në afatin nga paragrafi 6 të këtij neni, personi përgjegjës parashtron kërkesë për ngritjen e procedurës kundërvajtëse para gjykatës kompetente.

Organi kompetent për ngritjen e procedurës kundërvajtëse në rastin nga paragrafi 4 të këtij neni mund përkohësisht t'i marrë dokumentet e udhëtimit ose letër njoftimin për të huaj dhe patentën e shoferit, se nuk janë dorëzuar prova se gjoba është e paguar, por më gjatë se tetë ditë nga dita e marrjes.

Nëpunësit e autorizuar janë të obliguar të mbajnë evidencë për urdhër pagesat e lëshuara kundërvajtëse dhe për epilogun e procedurave të ngritura.

Në evidencën nga paragrafi 10 të këtij neni mblidhen, përpunohet dhe ruhen të dhënat në vijim: Emri dhe mbiemri, respektivisht titulli i kryerësit të kundërvajtjes, vendbanimi, respektivisht vendqëndrimi, selia, lloji i kundërvajtjes, numri i urdhër pagesës kundërvajtëse e cila i lëshohet dhe rezultati i procedurës.

Të dhënat personale nga paragrafi 11 të këtij neni ruhen pesë vjet nga dita e futjes në evidencë.

Ministri i Financave e përcakton formën dhe përmbajtjen e urdhër pagesës kundërvajtëse."

Neni 8

Neni 58 ndryshohet dhe vijon:

Matja e shumës së gjobës për personin juridik, respektivisht tregtar individual rezident ose jo rezident kryhet në pajtim me ligjin për kundërvajtje."

Neni 9

Akti nënligjore miratimi i të cilit është përcaktuar me këtë ligj do të miratohet në afat prej 30 ditëve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë."

4380.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА СУПЕРВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за дополнителна супервизија на финансиски конгломерат,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 август 2015 година.

Бр. 08-3984/1
27 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА СУПЕРВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТ

Член 1

Во Законот за дополнителна супервизија на финансиски конгломерат („Службен весник на Република Македонија“ број 185/11), во членот 28 став (1) во воведната реченица зборовите: „15.000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на регулираниот субјект ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во регулираниот субјект.“

Во ставот (3) зборовите: „5.000 до“ се бришат.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на правното лице од ставот (3) на овој член ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице од ставот (3) на овој член.“

Член 2

Во членот 29 став (1) во воведната реченица зборовите: „10.000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на регулираниот субјект и на мешовито финансиско холдинг друштво ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во регулираниот субјект и на одговорното лице во мешовито финансиско холдинг друштво.“

Член 3

По членот 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

“Член 29-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.“

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SUPERVIZION PLOTËSUES TË KONGLOMERATIT FINANCIAR

Neni 1

Në Ligjin për supervizion plotësues të konglomeratit financiar ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 185/11), në nenin 28 paragrafi (1) në fjalinë hyrëse fjalët "15.000 deri" shlyhen.

Paragrafi (2) ndryshon si vijon:

"Gjoba në shumë prej 30% nga gjoba e llogaritur subjektit të rregulluar do ti shqiptohet për kundërvajtjet nga paragrafi (1) i këtij neni personit përgjegjës në subjektin e rregulluar".

Në paragrafin (3) fjalët "5.000 deri" shlyhen.

Paragrafi (4) ndryshon si vijon:

"Gjoba ne shume prej 30% nga gjoba e llogaritur për personin juridik nga paragrafi (3) i këtij neni do ti shqiptohet për kundërvajtjet nga paragrafi 1 i këtij neni edhe personit përgjegjës nga paragrafi (3) i këtij neni".

Neni 2

Në nenin 29 paragrafi (1) në fjalinë hyrëse fjalët "10.000 deri" shlyhet.

Paragrafi (2) ndryshon si vijon:

"Gjoba në shume prej 30% nga gjoba e llogaritur e subjektit të rregulluar dhe e shoqërisë së përzier financiare holding do ti shqiptohet për kundërvajtjet nga paragrafi (1) i këtij neni personit përgjegjës ne subjektin e rregulluar dhe personit përgjegjës të shoqërisë së përzier financiare holding."

Neni 3

Pas nenit 29 shtohet nen i ri 29-a si vijon:

„Neni 29-a

Matja e lartësisë së gjobës për personin juridik kryhet në pajtim me Ligjin për kundërvajtje."

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

4381.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 август 2015 година.

Бр. 08-3985/1
27 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија“ број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15 и 104/15), во членот 2 точката 11 се менува и гласи:

“11. Објекти изградени со правна основа во смисла на точката 4 на овој член се објектите изградени со градежно техничка документација издадена до влегувањето во сила на Законот за сопственост и други стварни права (“Службен весник на Република Македонија“ број 18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/10) и Законот за градежно земјиште (“Службен весник на Република Македонија“ број 53/2001, 97/2001 и 82/2008).“

Член 2

Во членот 6 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

“(3) Околноста дали намената на градежното земјиште во моментот на одлучување е во целост или делумно реализирана се утврдува од страна на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи преку увид на лице место извршен од страна на вешто лице-геометар.

(4) Доколку околноста дали намената на градежното земјиште во моментот на одлучување е во целост или делумно реализирана не може да се утврди на начин од ставот (3) на овој член, истата ќе биде утврдена врз основа на известување од страна на општината каде што се наоѓа градежното земјиште кое е предмет на барањето за приватизација, во рок од 15 дена, од денот на доставување на барањето од органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи.“

Ставот (3) станува став (5).

Член 3

Во членот 13 став (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а во рамки на градежната парцела чија површина е дефинирана со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) Градежното изградено земјиште на кое се изградени станови, деловни простории, визби, гаражи и други посебни објекти од станбени и деловни згради што имаат два или повеќе станови, односно деловни простории и други посебни делови кои се во сопственост на различни физички или правни лица, а на кое земјиште во катастарот на недвижности не е е запишано право на користење на сопствениците на становите или посебните делови од објекти, односно земјиштето е сопственост на Република Македонија, се приватизира во заедничка сопственост на физичките и правни лица како етажни сопственици во рамки на градежната парцела чија површина е дефинирана со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела.“

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

Член 4

Во членот 14 ставот (4) се менува и гласи:

“Градежното земјиште на кое право на користење имаат поранешните сопственици на градежното земјиште како и физичките лица кои правото на користење го стекнале со надомест, а не е донесен акт за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежна парцела, може да се приватизира во рамките на запишаното право на користење.“

Во ставот (6) по зборот „градежни“ се додава зборот „изградени“.

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Градежното изградено земјиште за кое е поднесено барање за приватизација од физичко или правно лице, со запишано право на користење, а кое не е сопственик на објектот изграден на градежното земјиште, не е предмет на приватизација во површина на градежното земјиште под објект, доколку градежната парцела не е дефинирана со актите за урбанистичко планирање, односно во рамки на дефинирана градежната парцела на која е изграден објектот.“

Во ставот (7) кој станува став (8) зборовите: „со или“ се бришат.

Ставот (8) станува став (9).

Во ставот (9) кој станува став (10) зборовите: „со намена индивидуално домување“ се заменуваат со зборовите: “со класа на намена А-домување (А0 домување во станбени куќи со посебен режим на користење и А1-домување во станбени куќи)“.

Став (10) станува став (11).

Член 5

По членот 20 се додава нов наслов и нов член 20-а, кои гласат:

Услови за приватизација на градежно неизградено земјиште кое не е опфатено со актите за урбанистичко планирање

“Член 20-а

(1) Градежното неизградено земјиште кое не е опфатено со актите за урбанистичко планирање, односно е вон плански опфат, а на кое право на користење имаат физички и правни лица не е предмет на приватизација.

(2) По поднесените барања за приватизација на градежното неизградено земјиште кое не е опфатено со актите за урбанистичко планирање, односно е вон плански опфат, а на кое правото на користење на земјиштето е стекнато по основ на поранешна сопственост, или со платен надоместок, органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, согласно со одредбите од Законот за општата управна постапка, ќе донесе заклучок со кој барањето се отфрла.

(3) Заклучокот од ставот 2 на овој член претставува основ Агенцијата за катастар на недвижности да изврши промена на правото на користење во право на сопственост.“

Член 6

Во членот 32 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

“(5) Кога со решението за приватизација на градежно земјиште се одбива барањето за приватизација како неосновано, истото содржи клаузула дека по неговата правосилност Агенцијата за катастар на недвижности ќе го избрише запишаното право на користење.“

Член 7

По членот 33 се додава нова Глава 5 и три нови члена 33-а, 33-б и 33-в, кои гласат:

5. ПОСТАПКА ЗА ПРОМЕНА НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ ПО СИЛА НА ЗАКОН

"Член 33-а

(1) Физичките лица поранешни сопственици кои во катастарот на недвижности се запишани како корисници на градежно неизградено земјиште, а кои до 15 декември 2014 година, не поднеле барање за приватизација на градежно неизградено земјиште во државна сопственост, до Агенцијата за катастар на недвижности можат да поднесат пријава за промена на правото на користење на градежното неизградено земјиште во право на сопственост по сила на закон.

(2) Кон пријавата физичките лица од ставот (1) на овој член приложуваат:

- доказ за идентификација за подносителот на пријавата (фотокопија од лична карта или патна исправа);
- правната основа, односно актот врз основа на кој е стекнато правото на користење на катастарската парцела која е градежно неизградено земјиште, а за кое се однесува пријавата (закон, пресуда, договор, решение, одлука на надлежен државен орган, поседовен лист и др.);
- доказ од органот надлежен за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, дека не е поднесено барање за утврдување правен статус на објект на катастарската парцела која е градежно неизградено земјиште, а за кое се однесува пријавата и
- доказ за платен надоместок за имотен лист за катастарската парцела, за уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастарот на недвижности и за запишувањето во катастарот на недвижностите.

(3) За промената од ставот (1) на овој член не се плаќа надоместок.

(4) Формата и содржината на пријавата од ставот (1) на овој член ја пропишува Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 33-б

Агенцијата за катастар на недвижности по службена должност од органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи ќе обезбеди доказ дали за градежното неизградено земјиште за кое е поднесена пријавата за промена на правото на користење во право на сопственост по сила на закон, е поднесено барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост.

Член 33-в

(1) Агенцијата за катастар на недвижности по пријавата од членот 18-а од овој закон, постапува согласно со одредбите код Законот за катастар на недвижности и за извршената промена согласно со закон донесува потврда.

(2) Промената на правото на користење на градежното неизградено земјиште во право на сопственост, се врши според податоците за катастарската парцела запишани во имотен лист."

Член 8

Во Делот III во насловот на Главата 1 зборот „долготраен" се брише.

Член 9

Во членот 34 став (1) се менува и гласи:

„(1) На сопствениците на објекти изградени на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија за кое не е поведена постапка за стекнување на право на сопственост согласно со Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 15/11, 27/14, 144/14 и 72/15) и Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15 и 129/15), им се воспоставува закуп согласно со одредбите на овој закон."

Член 10

Во членот 35 став (1) зборовите: „корисникот на градежното земјиште" се заменуваат со зборовите: „сопственикот на објектот кој нема стекнато право на сопственост на градежното земјиште на кое е изграден објектот".

Член 11

Во членот 38 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „согласно со овој закон."

Член 12

Членот 39 се менува и гласи:

„(1) Кога закупот на градежното земјиште се воспоставува по службена должност закупот се воспоставува во рамки на површина на градежното земјиште под објектот.

(2) Кога постапката за воспоставување на закуп се покренува по барање на сопственикот на објектот, а објектот е во рамки на дефинирана градежна парцела согласно со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела, закупот на градежното земјиште се воспоставува во рамки на површината на градежната парцела."

Член 13

Во членот 46 став (2) во алинејата 2 сврзникот "и" се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 3 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови алинеи 4 и 5, кои гласат:

„- извод од урбанистички план за земјиштето кое е предмет на закуп, доколку барањето се однесува на воспоставување на закуп во рамки на дефинирана градежна парцела и
- геодетски елаборат за нумерички податоци за градежната парцела на која се однесува барањето за воспоставување на закуп."

Член 14

Во членот 47 став (1) зборовите: „ корисникот на градежното земјиште чие земјиште не е приватизирано" се заменуваат со зборовите: „сопствениците на објектите на земјиште кое што е сопственост на Република Македонија".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Закупот од ставот 1 на овој член се воспоставува по претходно известување на органот надлежен за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, дека за градежното земјиште кое е предмет на закуп нема поднесено барање за отуѓување, односно барање за стекнување право на сопственост на земјиштето од сопственикот на објектот на градежното земјиште кое е предмет на закуп.“

Во ставот (2) кој станува став (3) по бројот „(1)“ се додаваат зборовите: „и ставот (2).“

Член 15

Членот 80-б се менува и гласи:

„(1) Со решение на органот на државната управа надлежен за имотно правни работи ќе престане правото на користење на физички и правни лица на градежно изградено земјиште, на барање на лица кои изградиле или стекнале во сопственост објект, односно посебен дел од објект со правен основ, како и објект чиј што правен статус е утврден согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти, а објектот е во рамки на дефинирана градежна парцела.“

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, правото на користење на земјиштето ќе престане доколку физичките и правни лица запишани како корисници на градежното изградено земјиште, немаат во сопственост објект или посебен дел од објект во рамките на градежната парцела за која е поднесено барање за престанок на правото на користење.

(3) Кон барањето за престанок на правото на користење од ставот (1) на овој член барателот приложува:

- Извод од актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела
- Геодетски елаборат за нумерички податоци за формирање градежна парцела, доколку градежното земјиште за кое се бара престанок на правото на користење е дефинирано како градежна парцела и
- Геодетски елаборат за утврдена фактичка состојба и формирање на посебна катастарска парцела, доколку предмет на престанок е градежно земјиште за кое не е дефинирана градежна парцела.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението.

(5) Конечното решение за престанок на правото на користење на градежното изградено земјиште, претставува основ за запишување во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.“

Член 16

„(1) Агенцијата за катастар на недвижности е должна да изврши прибележувања во катастарот на недвижности на барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост доставени согласно со членот 18 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште (“Службен весник на Република Македонија“ број 144/14) до 15 јуни 2016 година.

(2) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член, Агенцијата за катастар на недвижности по службена должност треба да изврши бришење на сите запишани права на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности, најдоцна до 15 декември 2016 година.“

Член 17

“Пријавите за промена на правото на користење на градежно неизградено земјиште во право на сопственост по сила на закон, од членот 33-а од овој закон, може да се поднесат најдоцна до 15 јуни 2016 година.“

Член 18

Започнатите постапки по барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сосптвеност до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат според одредбите од овој закон.

Член 19

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PRIVATIZIM DHE QIRA TË TOKËS NDËRTIMORE NË PRONËSI SHTETËRORE

Neni 1

Në Ligjin për privatizim dhe qira të tokës ndërtimore në pronësi shtetërore ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15 dhe 104/15), në nenin 2 pika 11 ndryshohet si vijon:

“11. Objektet e ndërtuara me bazë juridike në kuptim të pikës 4 të këtij neni janë objektet e ndërtuara me teknikë ndërtimore dokumentacion teknik të lëshuar deri në hyrjen në fuqi të këtij Ligji për pronësi dhe të drejta tjera reale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 18/2001, 92/2008, 139/2009 dhe 35/10) dhe Ligji për tokë ndërtimore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 53/2001, 97/2001 dhe 82/2008).“

Neni 2

Në nenin 6 pas paragrafit (2) shtohen pesë paragrafë të rinj (3) dhe (4) si vijojnë:

"(3) Rrethina nëse dedikimi i tokës ndërtimore në momentin e vendimmarrjes është në tërësi ose pjesërisht e realizuar përcaktohet nga ana e organit të administratës shtetërore kompetent për punët pronësore-juridike përmes kontrollit të personit aty për aty të kryer nga ana e personit të shkathtë - gjeometër.

(4) Nëse rrethina nëse dedikimi i tokës ndërtimore në momentin e vendimmarrjes është në tërësi ose pjesërisht e realizuar nuk mund të konstatojë në mënyrë nga paragrafi (3) i këtij neni, e njëjta do të konstatohet në bazë të njoftimit nga ane e komunës ku gjendet toka ndërtimore që është lëndë e kërkesës për privatizim, në afat prej 15 ditësh, nga dita e dorëzimit të kërkesës nga organi i administratës shtetërore kompetente për punët pronësore-juridike.

Paragrafi (3) bëhet paragraf (5).

Neni 3

Në nenin 13 në paragrafin (2) pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët "ndërsa në kuadër të parcelës ndërtimore sipërfaqja e së cilës është definuar me aktet për planifikim urbanistik me të cilat përcaktohet parcela ndërtimore".

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Toka e ndërtuar ndërtimore në të cilën janë ndërtuar banesa, hapësira afariste, bodrume, garazhe dhe objekte tjera të veçanta të ndërtesave banesore dhe afariste që kanë dy ose më shumë banesa, përkatësisht hapësira afariste dhe pjesë tjera të veçanta që janë në pronësi të personave të ndryshëm fizik ose juridik, e në të cilën tokë në kadastrën e patundshmërive nuk është regjistruar e drejta e shfrytëzimit të pronarëve të banesave ose pjesë të veçanta të objekteve, përkatësisht toka është pronësi e Republikës së Maqedonisë, privatizohet në pronësi të përbashkët të personave fizikë dhe juridikë si pronarë të etazhit në kuadër të parcelës ndërtimore sipërfaqja e së cilës është definuar me aktet për planifikim urbanistik me të cilat përcaktohet parcela ndërtimore".

Paragrafët (3), (4), (5) dhe (6) bëhen paragrafë (4), (5), (6) dhe (7).

Neni 4

Në nenin 14 paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

"Toka ndërtimore në të cilën të drejtë të shfrytëzimit kanë ish-pronarët e tokës ndërtimore si dhe personat fizikë të cilët të drejtën e shfrytëzimit e kanë fituar me kompensim, e jo me akt të miratuar për planifikim urbanistik me të cilin përcaktohet parcela ndërtimore, mund të privatizohet në kuadër të të drejtës së regjistruar të shfrytëzimit."

Në paragrafin (6) pas fjalës "ndërtimore" shtohen fjalët "të ndërtuara".

Pas paragrafit (6) shtohet paragraf i ri (7), si vijon:

"(7) Toka e ndërtuar ndërtimore për të cilën është parashtruar kërkesë për privatizim nga personi fizik ose juridik, me të drejtë të regjistruar të shfrytëzimit, e që nuk është pronar i objektit të ndërtuar në tokën ndërtimore, nuk është lëndë e privatizimit në sipërfaqe të tokës ndërtimore nën objekt nëse parcela ndërtimore nuk është definuar me aktet për planifikim urbanistik, përkatësisht në kuadër të parcelës së definuar ndërtimore ku është ndërtuar objekti. "

Në paragrafin (7) i cili bëhet paragraf (8) fjalët "me ose" shlyhen.

Paragrafi (8) bëhet paragraf (9).

Në paragrafin (9) i cili bëhet paragraf (10) fjalët "me dedikim banim individual" zëvendësohen me fjalët "me klasë të dedikimit A-banim (A0 banim në shtëpi banesore me regjim të veçantë të shfrytëzimit dhe A1 - banim në shtëpi banesore)".

Paragrafi (10) bëhet paragraf (11).

Neni 5

Pas nenit 20 shtohet nen i ri 20-a, si vijon:

"Kushtet për privatizim të tokës së ndërtuar ndërtimore që është përfshirë me aktet për planifikim urbanistik

"Neni 20-a

(1) Toka e pandërtuar ndërtimore e cila nuk është përfshirë me aktet për planifikim urbanistik përkatësisht është jashtë përfshirjes së planit, e ku të drejtë të shfrytëzimit kanë personat fizikë dhe juridikë nuk është lëndë e privatizimit.

(2) Për kërkesat e parashtruara për privatizim të tokës së pandërtuar ndërtimore që nuk është përfshirë me aktet për planifikim urbanistik përkatësisht është jashtë përfshirjes së planit, e në të cikën e drejta e shfrytëzimit të tokës është fituar në bazë të pronësisë së mëparshme, ose me kompensim pagesor, organi i administratës shtetërore kompetent për punët pronësore-juridike, në pajtim me dispozitat e Ligjit për procedurën e përgjithshme administrative, do të miratojë konkluzion me të cilën kërkesa refuzohet.

(3) Konkluzioni nga paragrafi 2 i këtij neni paraqet bazë që Agjencia e Kadastrës së Patundshmërive të kryejë ndryshim të së drejtës së shfrytëzimit në të drejtën e pronësisë."

Neni 6

Në nenin 32 pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5), si vijon:

"(5) Kur me aktvendimin për privatizimin e tokës ndërtimore refuzohet kërkesa për privatizim si e pabazë, e njëjta përmban klauzolë se pas plotfuqishmërisë së saj Agjencia e Kadastrës së Patundshmërive do ta shlyejë të drejtën e regjistruar të shfrytëzimit."

Neni 7

Pas nenit 33 shtohet Kapitull i ri 5 dhe tre nene të reja 33-a, 33-b dhe 33-v, si vijojnë:

5. PROCEDURA PËR NDRYSHIMIN E TË DREJTËS SË SHFRYTËZIMIT TË TOKËS SË NDËRTUAR NDËRTIMORE NË TË DREJTË TË PRONËSISË SIPAS FUQISË SË LIGJIT

"Neni 33-a

(1) Personat fizikë ish-pronarë të cilat në kadastrën e patundshmërive janë regjistruar si shfrytëzues të tokës së ndërtuar ndërtimore, e të cilat deri në 15.12.2014, nuk kanë parashtruar kërkesë për privatizim të tokës së ndërtuar ndërtimore në pronësi shtetërore, në Agjencinë e Kadastrës së Patundshmërive mund të parashtrojnë fletëparaqitje për ndryshim të së drejtës së shfrytëzimit të tokës së ndërtuar ndërtimore në të drejtë të pronësisë sipas fuqisë së ligjit.

(2) Me fletëparaqitjen personat fizikë nga paragrafi (1) i këtij neni paraqesin:

- dëshmi për identifikimin për parashtrimin e fletëparaqitjes (fotokopje nga letërnjoftimi ose dokumenti i udhëtimit);

- baza juridike, përkatësisht kati në bazë të të cilit është fituar e drejta e shfrytëzimit të parcelës kadastrale e cila është tokë e pandërtuar ndërtimore, e me të cilën ka të bëjë fletëparaqitje (ligj, paragjykim, marrëveshje, aktvendim, vendim të organit shtetëror kompetent, listë pronësie etj);

- dëshmi nga organi kompetent për përcaktimin e statusit juridik të objekteve të ndërtuara pa leje, se nuk është parashtruar kërkesë për përcaktimin e statusit juridik të objektit të parcelës kadastrale që është tokë e pandërtuar ndërtimore, e me të cilën ka të bëjë fletëparaqitja dhe

- dëshmia për kompensim pagesor për listë pronësie për parcelën kadastrale, për certifikatë për pasqyrë historike të regjistrimeve të kryera në kadastrën e patundshmërive dhe për regjistrimin në kadastrën e patundshmërive.

(3) Për ndryshimin nga paragrafi (1) i këtij neni nuk paguhet kompensim.

(4) Formën dhe përmbajtjen e fletëparaqitjes nga paragrafi (1) i këtij neni e përcakton Këshilli Drejtues i Agjencisë së Kadastrës së Patundshmërive.

Neni 33-b

Agjencia e Kadastrës së Patundshmërive me detyrë zyrtare nga organi i administratës shtetërore kompetent për punët pronësore-juridike do të sigurojë dëshmi nëse për

tokën e pandërtuar ndërtimore për të cilën është parashtruar paraqitja për ndryshimin e të drejtës së shfrytëzimit në të drejtën e pronësisë sipas fuqisë së ligjit është parashtruar kërkesë për privatizim të tokës ndërtimore në pronësi shtetërore.

Neni 33-v

(1) Agjencia e Kadastrës së Patundshmërive sipas fletëparaqitjes nga neni 18-a i këtij ligji, vepron në pajtim me dispozitat e Ligjit për kadastër të patundshmërive dhe për ndryshimin e kryer në pajtim me ligjin miraton vërtetim.

(2) Ndryshimi i të drejtës së shfrytëzimit të tokës së pandërtuar ndërtimore në të drejtën e pronësisë, bëhet sipas të dhënave për parcelë kadastrale të regjistruara në listën e pronësisë".

Neni 8

Në Pjesën III në titullin e Kapitullit 1 fjala "afatgjatë" shlyhet.

Neni 9

Në nenin 34 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"(1) Pronarëve të objekteve të ndërtuara në tokë të ndërtuar ndërtimore pronësi e Republikës së Maqedonisë për të cilën është ngritur procedurë për fitimin e të drejtës së pronësisë në pajtim me Ligjin për privatizim dhe qira të tokës ndërtimore në pronësi shtetërore ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 15/11, 27/14, 144/14 dhe 72/15) dhe Ligjin për veprim me objekte të ndërtuara pa leje ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë", nr. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15 dhe 129/15), u vendoset qira në pajtim me dispozitat e këtij ligji."

Neni 10

Në nenin 35 në paragrafin (1) fjalët "shfrytëzuesi i tokës ndërtimore" zëvendësohen me fjalët "pronari i objektit i cili nuk ka të fituar të drejtë të pronësisë së tokës ndërtimore në të cilën është ndërtuar objekti".

Neni 11

Në nenin 38 në paragrafin (1) pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët "në pajtim me këtë ligj."

Neni 12

Neni 39 ndryshohet si vijon:

"(1) Kur qiraja e tokës ndërtimore vendoset sipas detyrës zyrtare vendoset në kuadër të sipërfaqes së tokës ndërtimore nën objektit.

(2) Kur procedura për vendosjen e qirasë ngrihet me kërkesë të pronarit të objektit, ndërsa objekti është në kuadër të parcelës së definuar ndërtimore në pajtim me aktet për planifikim urbanistik me të cilat përcaktohet parcela ndërtimore, qiraja e tokës ndërtimore vendoset në kuadër të sipërfaqes së parcelës ndërtimore."

Neni 13

Në nenin 46 paragrafi (2) në alinenë 2 lidhëza "dhe" zëvendësohet me pikëpresje.

Në alinenë 3 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje dhe shtohen dy aline të reja 4 dhe 5 si vijojnë:

"- ekstrakt nga plani urbanistik për tokën që është lëndë e qirasë nëse kërkesa ka të bëjë me vendosjen e qirasë në kuadër të parcelës së definuar ndërtimore dhe

- elaborati gjeodezik për të dhëna numerike për parcelën ndërtimore me të cilën ka të bëjë kërkesa për vendosjen e qirasë."

Neni 14

Në nenin 47 në paragrafin (1) fjalët "shfrytëzuesi i tokës ndërtimore toka e të cilit nuk është privatizuar" zëvendësohen me fjalët "pronarët e objekteve të tokës që është pronësi e Republikës së Maqedonisë".

Pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Qiraja nga paragrafi 1 i këtij neni vendoset pas pëlqimit paraprak të organit kompetent për disponim me tokën ndërtimore pronësi e Republikës së Maqedonisë, se për tokën ndërtimore që është lëndë e qirasë nuk ka parashtruar kërkesë për tjetërsim, përkatësisht kërkesë për fitimin e të drejtës së pronësisë së tokës nga pronari i objektit të tokës ndërtimore që është lëndë e qirasë."

Në paragrafin (2) i cili bëhet paragraf (3) pas numrit "(1)" shtohen fjalët "dhe paragrafi (2)."

Neni 15

Neni 80-b ndryshohet si vijon:

"(1) Me aktvendimin e organit të administratës shtetërore kompetent për punët pronësore juridike do të pushojë e drejta e shfrytëzimit të personave fizikë dhe juridikë të tokës së ndërtuar ndërtimore, me kërkesë të personave që kanë ndërtuar ose kanë fituar pronësi objekt, përkatësisht pjesë të veçantë të objektit me bazë juridike, si dhe objekt statusi juridik i të cilit është përcaktuar në pajtim me Ligjin për veprim me objekte të ndërtuara pa leje, ndërsa objekti është në kuadër të parcelës së definuar ndërtimore."

(2) Në rastet nga paragrafi 1 i këtij neni, e drejta e shfrytëzimit të tokës do të pushojë nëse personat fizikë dhe juridikë të regjistruara si shfrytëzues të tokës së ndërtuar ndërtimore, nuk kanë në pronësi objekt ose pjesë e veçantë të objektit në kuadër të parcelës ndërtimore për të cilën është parashtruar kërkesë për pushim të së drejtës së shfrytëzimit.

(3) "Me kërkesën për pushimin e të drejtës së shfrytëzimit nga paragrafi (1) i këtij neni kërkuesi paraqet:

- Ekstrakt nga akti për planifikim urbanistik me të cilin përcaktohet parcela ndërtimore

- Elaborati gjeodezik për të dhënat numerike për formim të parcelës ndërtimore tokë ndërtimore për të cilën kërkohet pushim i të drejtës së shfrytëzimit është definuar si parcelë ndërtimore.

- Elaborat gjeodezik për gjendjen e konstatuar faktike dhe formimi i parcelës kadastrale, nëse lëndë e pushimit është toka ndërtimore për të cilën nuk është definuar parcela ndërtimore.

(4) Kundër aktvendimit nga paragrafi (1) i këtij neni mund të paraqitet ankesë deri në Komisionin Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë në afat prej 15 ditë nga pranimi i aktvendimit.

(5) Aktvendimi final për pushimin e të drejtës së shfrytëzimit të tokës së ndërtuar ndërtimore, paraqet bazë për regjistrimin në Librin Publik për regjistrim të të drejtës së patundshmërive."

Neni 16

"(1) Agjencia e Kadastrës së Patundshmërive është e detyruar që të kryejë shënim në kadastrën e patundshmërive për kërkesat e privatizimit të tokës ndërtimore në pronësi shtetërore dorëzuar në pajtim me

nenin 18 paragrafi 1 i Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për privatizim dhe qira të tokës ndërtimore ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 144/14), deri më 15 qershor 2016.

(2) Pas skadimit të afatit nga paragrafi (1) i këtij neni, Agjencia e Kadastrës sipas detyrës zyrtare duhet të kryejë shlyerje të të gjitha të drejtave të regjistruara të shfrytëzimit të tokës ndërtimore në kadastrën e patundshmërive, më së voni deri më 15 qershor 2016."

Neni 17

"Fletëparaqitja për ndryshimin e të drejtës së shfrytëzimit të tokës së pandërtuar ndërtimore në të drejtën e pronësisë sipas fuqisë së ligjit, nga neni 33-a i këtij ligji, mund të parashtrohen më së voni deri më 15 qershor 2016."

Neni 18

Procedurat e filluara sipas kërkesës për privatizim të tokës ndërtimore në pronësi shtetërore deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të vazhdojnë sipas dispozitave të këtij ligji.

Neni 19

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit ne "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

4382.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СТВАРИТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ И СО СТВАРИТЕ ВО ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 август 2015 година.

Бр. 08-3986/1
27 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СТВАРИТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ И СО СТВАРИТЕ ВО ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“Службен весник на Република Македонија“ број 78 /15 и 106/15), во членот 1 став (2) се менува и гласи:

“(2) Со овој закон се уредува и постапката за давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и на правните лица основани од државата како и постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост, како и продажба на ствари за кои е издаден лист за предбележување на градба во корист на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.“

Член 2

Членот 38 став (1) се менува и гласи:

„(2) Висината на почетната месечна закупнина изнесува 0,5% од проценетата вредност на недвижната ствар.“

Член 3

Членот 67 се менува и гласи:

“1) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба и закуп на недвижни и продажба на движни ствари со електронско јавно наддавање соодветно се применуваат и при продажбата и давањето во закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост.

2) Одредбите од овој закон не се применуваат во постапките за давање во закуп на недвижни ствари на правните лица основани од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, од областа на културата, спортот, образованието, детската и социјалната заштита.”

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
NDRYSHIM TË LIGJIT PËR SHFRYTËZIM DHE DISPOZICION ME SENDET NË PRONËSI SHTETËRORE DHE ME SENDET NË PRONËSI TË KOMUNËS

Neni 1

Në ligjin për shfrytëzim dhe dispozicion me sendet në pronësi shtetërore dhe me sendet në pronësi të komunës "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 78/2015 dhe 106/2015), në nenin 1 paragrafi (2) ndryshohet dhe vijon:

"(2) Me këtë ligj rregullohet procedura për dhënien në shfrytëzim të sendeve në pronësi të komunës të organeve shtetërore dhe të personave juridik të themeluar nga shteti si dhe procedura për shitjen dhe dhënien me qira të patundshmërive dhe shitjen e sendeve në pronësi të komunës, si dhe shitjen e sendeve për të cilën është lëshuar fletë për shënim e ndërtimit në favor të komunës, komunat në qytetin Shkup dhe qyteti Shkup."

Neni 2

Në nenin 38 në paragrafin (1) ndryshohet dhe vijon:

"(2) Lartësia e qirasë fillestare mujore arrin 0,5% nga vlera e vlerësuar e sendit të patundshëm."

Neni 3

Neni 67 ndryshohet dhe vijon:

"1) Dispozitat nga ky ligj të cilat kanë të bëjnë në shitjen dhe qira të patundshmërive dhe shitjen e sendeve të luajtshme me ankand elektronik publik në mënyrë përkatëse zbatohen gjatë shitjes dhe dhënien me qira të patundshmërive dhe shitjen e sendeve të luajtshme në pronësi të komunës.

2) Dispozitat të këtij ligji nuk zbatohen në procedurë për dhënien me qira të sendeve të patundshme të personave juridik themeluar nga komuna, komunat në qytetin Shkup, dhe Qyteti Shkup, nga sfera e kulturës, sportit, arsimi, mbrojtja e fëmijëve dhe mbrojtje sociale."

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë."

4383.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за платниот промет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 август 2015 година.

Бр. 08-3987/1
27 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

Член 1

Во Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ број 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12 и 170/13), во членот 27-а став (1) се менува и гласи:

„Посредникот при микроплаќање мора да има основна главнина којашто во секој момент изнесува најмалку 3.000.000 денари и да ги исполнува техничките стандарди за вршење на микроплаќање.“

Член 2

Во членот 27-б став (2) точка (2) зборовите: „во пари” се бришат.

Член 3

Во членот 50 став (2) зборот „привремена“ се брише, а зборовите: „од шест месеци до пет години“ се заменуваат со зборовите „до 30 дена“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за носителот на платен промет, ќе му се изрече на одговорното лице кај носителот на платен промет за прекршоците од став (1) на овој член.“

Во ставот (4) зборовите: „професија, дејност или должност во траење од една година до пет години“ се заменуваат со зборовите: „должност во траење до 30 дена“.

Член 4

Во членот 51 став (2) зборот „привремена“ се брише, а зборовите: „од шест месеци до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до три години“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за учесникот во платен промет, ќе му се изрече на одговорното лице кај учесникот во платен промет за прекршоците од ставот (1) на овој член.“

Во ставот (4) зборовите: „професија, дејност или должност во траење од една година до пет години“ се заменуваат со зборовите: „должност во траење до една година“.

Член 5

Членот 52 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, односно на трговец поединец ако издава електронски пари, а не ги исполнува условите за издавање на електронски пари пропишани со овој закон.

(2) Покрај глобата за дејствието од ставот (1) на овој член на правно лице, односно на трговец поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење дејност во траење до три години.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член сторен од користољубие или со кој се предизвикува поголема имотна штета, на правното лице, односно на трговецот поединец ќе му се изрече прекршочна санкција глоба до двојниот износ од ставот (1) на овој член или во сразмер со висината на причинетата или прибавената имотна корист.

(4) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно трговецот поединец, ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице, односно на одговорното лице кај трговец поединец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(5) Покрај глобата за дејствието од ставот (1) на овој член на одговорното лице кај правното лице, односно на одговорното лице кај трговецот поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење должност во траење до една година.

27 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Член 1

Во Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија“ број 137/13), во членот 8 став (3) зборот „еднаш“ се заменува со зборот „двапати“.

Во ставот (5) по зборот „одлучува“ се додаваат зборовите: „најмалку 30% од“, а по зборот „отстранети“ се додаваат зборовите: „и заменети со нови“.

Член 2

Во членот 9 пред зборот „Стручните“ се додава бројот „(1)“, а по зборовите: „Министерството за правда“ се додаваат зборовите: „за што министерот за правда определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот“.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра денарска противвредност ќе се казни лицето од ставот (1) кое ќе дозволи да полага кандидат кое не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.‘‘

„(3) На одговорното лице од ставот (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за правда донесува решение.“

Член 3

Во членот 13 ставот (1) се брише.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (1) и (2).

Член 4

Во членот 14 став (2) се менува и гласи:

„(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за правда и Јавниот радиодифузен сервис.“

По ставот (5) се додаваат шест нови става (6), (7), (8), (9), (10) и (11) кои гласат:

„(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за правда донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио френквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио френкфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира тричлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за правда најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

(11) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противредност ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 9 од овој закон доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.‘‘

Во ставот (6) кој станува став (12) зборовите: „4.000 до“ се бришат.

Член 5

Во членот 15 став (7) по зборот „сесија“ точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на правосудниот испит во траење од три години, за што Министерството за правда донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.“

Во ставот (11) зборовите: „4.000 до“ се бришат и се додаваат два нови става (12) и (13), кои гласат:

„(12) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 14 став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите (2), (3) и (4) на овој член.

(13) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на ставовите (2), (3) и (4) на овој член.“

Член 6

Во членот 27 ставови (4) и (5) се менуваат и гласат:

„(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се составува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 5 од овој закон, но не порано од денот на примената на Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија“ број 137/13), за што доставува извештај до министерот за правда.

(5) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за правда донесува решение“.

По ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од ставот (4) на овој член, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за правда.“

Член 7

По членот 30 се додава нов член 30-а, кој гласи:

„Член 30-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците."

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PROVIMIN E JURISPRUDENCËS

Neni 1

Në Ligjin për provimin e jurisprudencës (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 137/13), në nenin 8 në paragrafin (3) fjalët “një herë” zëvendësohet me fjalët “dy herë”.

Në paragrafin (5) pas fjalës “vendos” shtohen fjalët: “më së paku 30% prej”, ndërsa pas fjalëëve “të hequra” shtohen fjalët: “dhe të zëvendësuara me të reja”.

Neni 2

Në nenin 9 para fjalës “Profesional” shtohet numri “(1)”, ndërsa pas fjalëve “Ministria e Drejtësisë” shtohen fjalët: “për çka ministri i Drejtësisë cakton person përgjegjës i cili përcakton nëse kandidati i plotëson kushtet për dhënien e provimit”.

Pas paragrafit (1) shtohet dy paragrafë të ri (2) dhe (3), si vijojnë:

„(2) Me gjobë prej 2000 deri 3000 euro në kundërvlerë me denarë do të dënohet personi nga paragrafi (1) i cili do të lejon të hyjë në provim kandidati i cili nuk i plotëson kushtet e përcaktuara nga ky ligj."

“(3) Personit përgjegjës nga paragrafi (1) i këtij neni për secilin sesion të mbajtur të provimit i takon kompensim me para, në shumë prej një të tretën nga neto rroga mesatare në Republikën e Maqedonisë, për çka Ministria e Drejtësisë miraton zgjidhje.”

Neni 3

Në nenin 13 paragrafi (1) shlyhet.

Paragrafët (2) dhe (3) bëhen paragrafë (1) dhe (2).

Neni 4

Në nenin 14 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

„(2) Kandidatët të cilëve ju është miratuar kërkesa për dhënien e provimit dhe opinioni informohen për datën dhe kohën e dhënies së provimit, më së paku tetë ditë para mbajtjes së provimit nëpërmjet ueb faqes së Ministrisë së Drejtësisë dhe Servisit radiodifuziv publik.”

Pas paragrafit (5) shtohen gjashtë paragrafë të ri (6), (7), (8), (9), (10) dhe (11) si vijojnë:

„(6) Përfaqësuesve nga paragrafi (5) i këtij neni për secilin sesion të mbajtur të provimit i takon kompensim me para, në shumë prej një të tretën nga neto rroga mesatare në Republikën e Maqedonisë, për çka Ministria e Drejtësisë miraton zgjidhje.

(7) Personi i autorizuar juridik i cili në mënyrë teknike e zbaton provimin është i detyruar ta bllokojë përfshirjen radio frekuentive në hapësirën për dhënien e provimit gjatë zbatimit të sesioneve të provimeve.

(8) Agjencia për komunikime elektronike (në tekstin e mëtutjeshëm AKE) kryen monitoring të përhershëm të bllokimit të përfshirjes radio frekuentive në hapësirën për dhënien e provimit, me qëllim të pengohet çdo lloj i komunikimit elektronik me rrethinën jashtë nga hapësira për dhënien e provimit.

(9) AKE në hapësirën për dhënien e provimit instalon pajisje matëse e cila siguron shkresë elektronike nga matjet e kryera në kohëzgjatje prej 30 ditësh, dhe të njëjtat futen në sistemin kontrollues qendrorë të AKE-së.

(10) AKE formon komision treanëtarësh e cila përpilon raport në bazë të shkresave elektronike të futura në sistemin kontrollues qendrorë të AKE dhe të njëjtin e dorëzon te Ministria e Drejtësisë më së voni në afat prej 15 ditësh nga përfundimi i sesionit të provimit.

(11) Gjobë në shumë prej 10.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit të autorizuar juridik e zbaton provimin nga neni 9 nga ky ligj nëse nuk e bllokon përfshirjen radio frekuentive në hapësirën për dhënien e provimit."

Në paragrafin (6), i cili bëhet paragrafi (12), fjalët: "4.000 deri" shlyhen.

Neni 5

Në nenin 15 në paragrafin (7) pas fjalës "sesion" pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "dhe i shqiptohet ndalesë për dhënien e provimit të jurisprudencëa në kohëzgjatje prej tre vjet, për çka Ministria e Drejtësisë miraton aktvendim kundër të cilit mund të ngrihet kontest administrativ para gjykatës kompetente në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit."

Në paragrafin (11) fjalët: „4.000deri" shlyhen dhe shtohen dy paragrafë të ri (12) dhe (13), si vijojnë:

„(12) Gjobë në shumë prej 2000 deri 3000 euro në kundërvlerë me denarë do t'ju shqiptohet përfaqësuesve të autorizuar nga neni 14 paragrafi (5) nga ky ligj nëse lejojnë kandidati të vepron në kundërshtim me paragrafët (2), (3) dhe (4) nga ky nen.

(13) Gjobë në shumë prej 100 deri 200 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet kandidatit i cili vepron në kundërshtim me paragrafët (2), (3) dhe (4) nga ky nen."

Neni 6

Në nenin 27 paragrafët (4) dhe (5) ndryshohen si vijojnë:

„(4) Komisioni nga paragrafi (3) i këtij neni takohet pas secilit sesion të mbajtur të provimit dhe kryen revizion të zbatimit të provimit, duke përfshirë edhe nëse provimin e kanë dhënë kandidatë të cilët i plotësojnë kushtet për dhënien e provimit në pajtim me nenin 5 nga ky ligj, por jo më herët nga dita e zbatimit të Ligjit për provimin e jurisprudencës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 137/13), për çka dorëzon raport te ministri i Drejtësisë.

(5) Anëtarëve të komisionit nga paragrafi (3) i këtij neni ju takon kompensim me para, i cili në nivel vjetor arrin një neto rrogë mesatare në Republikën e Maqedonisë, për cka Ministria e Drejtësisë miraton zgjidhje".

Pas paragrafit (9) shtohet paragrafi i ri (10) si vijon:

"Me gjobë prej 2000 deri 3000 euro në kundërvlerë me denarë do të dënohen anëtarët e komisionit nga paragrafi (4) i këtij neni nëse përcaktojnë parregullsi në zbatimin e provimit, ndërsa atë nuk e konstatojnë në raportin për ministrin e Drejtësisë."

Neni 7

Pas nenit 30 shtohet neni i ri 30-a, si vijon:

"Neni 30-a

Matja e lartësisë së gjobës për personin juridik bëhet në pajtim me Ligjin për kundërvajtjet.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

4392.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА СПОРТОТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 август 2015 година.

Бр. 08-3996/1
27 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПОРТОТ

Член 1

Во Законот за спортот ("Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14 и 72/15), во членот 71 став 6 зборовите: "тужба за управен спор пред надлежниот суд" се заменуваат со зборовите: "жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка."

Член 2

Во членот 74 став 1 зборовите: "4.000 до" се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

" Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за субјектот што врши дејност спорт ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во субјектот."

Во ставот 3 зборовите: "од шест месеци до пет години" се заменуваат со зборовите: "од шест месеци до две години".

Во ставот 4 зборовите: "од една до пет години" се заменуваат со зборовите: "до една година".

Член 3

Во членот 75 став 2 зборовите: „од една до пет години" се заменуваат со зборовите: „до една година".

Член 4

Во членот 75-а став 1 зборовите: ”2.500 до” се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за спортскиот клуб, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во спортскиот клуб.”

Член 5

Во членот 76 став 2 зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до една година“.

Член 6

Во членот 77 став 1 зборовите: ”4.000 до” се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

”Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за субјектот, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице на организаторот на спортските натпревари и манифестации.”

Во ставот 3 зборовите: “од шест месеци до пет години” се заменуваат со зборовите: “од шест месеци до две години”.

Во ставот 4 зборовите: “од шест месеци до пет години” се заменуваат со зборовите: “до една година”.

Член 7

Во членот 78 зборовите: “одговорното лице“ се заменуваат со зборовите: “службеното лице“.

Член 8

Во членот 79 став 1 зборовите: ”4.000 до” се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

”Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за Националната спортска федерација, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во Националната спортска федерација.”

Член 9

Членот 79-а се менува и гласи:

„Член 79-а

За прекршоците предвидени во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“

Член 10

По членот 79-а се додаваат два нови члена 79-б и 79-в, кои гласат:

“Член 79-б

За прекршоците утврдени во членовите 74, 75, 75-а, 75-б, 76, 77, 78 и 79 од овој закон инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

Инспекторот е должен да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 2 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог и исходот од постапката.

Личните податоци од ставот 3 на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува функционерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на спортот.

Член 79-в

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.“

Член 11

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SPORT

Neni 1

Në Ligjin për sport ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14 dhe 72/15), në nenin 71 në paragrafin 6 fjalët: "padi për kontestin administrativ para gjykatës kompetente" zëvendësohen me fjalët: "padi te Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Shkallë të Dytë në Sferën e Mbikëqyrjes Inspektuese dhe Procedurës së Kundërvajtjes."

Neni 2

Në nenin 74 në paragrafin 1 fjalët: "4.000 deri më" shlyhen.

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 30% të gjobës së matur për subjektin që kryen veprimtari sport do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni personit përgjegjës në subjektin."

Në paragrafin 3 fjalët: "prej gjashtë muajsh deri më pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "prej gjashtë muaj deri më dy vjet".

Në paragrafin 4 fjalët: "prej një deri më pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "deri në një vjet".

Neni 3

Në nenin 75 në paragrafin 2 fjalët: "prej një deri më pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "deri në një vjet".

Neni 4

Në nenin 75-a në paragrafin 1 fjalët: "2.500 deri më" shlyhen.

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 30% të gjobës së matur për klubin e sportit do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni personit përgjegjës në klubin e sportit."

Neni 5

Në nenin 76 në paragrafin 2 fjalët: "prej një deri më pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "deri në një vjet".

Neni 6

Në nenin 77 në paragrafin 1 fjalët: "4.000 deri më" shlyhen.

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 30% të gjobës së matur të subjektit do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni personit përgjegjës të organizatorit të ndeshjeve dhe manifestimeve sportive".

Në paragrafin 3 fjalët: "prej gjashte muajsh deri më pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "prej gjashtë muaj deri më dy vjet".

Në paragrafin 4 fjalët: "prej gjashtë muaj deri më pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "deri në një vjet".

Neni 7

Në nenin 78 fjalët: "personi përgjegjës" zëvendësohen me fjalët: "personi zyrtar".

Neni 8

Në nenin 79 në paragrafin 1 fjalët: "4.000 deri më" shlyhen.

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 30% të gjobës së matur për Federatën Nacionale të Sportit do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni personit përgjegjës në Federatën Nacionale të Sportit.

Neni 9

Neni 79-a ndryshohet si vijon:

"Neni 79-a

Për kundërvajtjet e parapara në këtë ligj procedurë të kundërvajtjes mban dhe sanksion të kundërvajtjes shqipton gjykata kompetente."

Neni 10

Pas nenit 79-a shtohen dy nene të reja 79-b dhe 79-v si vijojnë:

"Neni 79-b

Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenet 74, 75, 75-a, 75-b, 76, 77, 78 dhe 79 të këtij ligji inspektori detyrohet kryerësit të kundërvajtjes t'i lëshojë urdhërpagesë të kundërvajtjes në pajtim me Ligjin për kundërvajtje.

Inspektori detyrohet të mbajë evidencë për urdhërpagesat e kundërvajtjes të lëshuara dhe për rezultatin e procedurave të ngritura.

Në evidencën nga paragrafi 2 i këtij neni mblidhen, përpunohen dhe ruhen të dhënat në vijim: emri dhe mbiemri, përkatësisht emri i kryerësit të kundërvajtjes, vendbanimi, përkatësisht vendqëndrimi, selia, lloji i kundërvajtjes, numri i urdhërpagesës së kundërvajtjes dhe rezultati i procedurës.

Të dhënat personale nga paragrafi 3 i këtij neni ruhen pesë vjet nga dita e futjes në evidencë.

Formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës së kundërvajtjes e përcakton

funksionari që udhëheq me organin kompetent për punët nga sfera e sportit.

Neni 79-v

Matja e lartësisë së gjobës për personin juridik bëhet në pajtim me Ligjin për kundërvajtje. “

Neni 11

Akti nënligjor i paraparë me këtë ligj do të miratohet në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4393.

Врз основа на член 11, алинеја 5 од Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/98, 98/00 и 48/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА НА ЈП МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка за 2014 година на ЈП Македонска радиодифузија – Скопје, бр.02-318/4 од 13.3.2015 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8138/1
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

4394.

Врз основа на член 11, алинеја 6 од Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/98, 98/00 и 48/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1.1.2014 ГОДИНА ДО 31.12.2014 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈП Македонска радиодифузија - Скопје во периодот од 1.1.2014 година до 31.12.2014 година, бр.02-768/5 од 31.8.2015 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8138/2
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

4395.

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15 и 98/15), а во врска со член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА ДЗ-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА КО ДОЛНО КОЊАРИ ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација КО Долно Коњари, општина Петровец.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 3835м2, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
459	Долно Коњари	Лака	нива	2
464	Долно Коњари	Лака	нива	2
467	Долно Коњари	Лака	нива	4
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:			98928 м^2	

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8694/1
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

4396.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013 и 139/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ - ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКО ОДМОРАЛИШТЕ МАЛЕШЕВО - БЕРОВО

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за продажба на недвижни ствари - објекти на Детско одморалиште Малешево - Берово („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/2014 и 146/2014).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-9034/1
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

4397.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013 и 139/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ-ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКО ОДМОРАЛИШТЕ ПЕЛИСТЕР - БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за продажба на недвижни ствари - објекти на Детско одморалиште Пелистер - Битола („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/2014).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-9035/1
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

4398.

Врз основа на член 15 став (5) и член 71 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13 и 44/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА - СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ПО ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ ФИЛИП ВТОРИ СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба на правното лице Приватна здравствена установа-Специјална болница по хируршки болести ФИЛИП ВТОРИ Скопје, со седиште во Скопје, бул. „Илинден" бр.113 за градежно земјиште со површина од 34м2, кое што претставува КП бр.1814/7, КО Карпош, евидентирано во Имотен лист бр.47480 за КО Карпош, согласно Проект за инфраструктура за изградба на цевковод за природен гас за потребите на болница ФИЛИП ВТОРИ со технички број: 01-125/2014-ФЛП-ИНФ од декември, 2014 година, изработен од Друштво за градежништво, инженеринг, трговија и услуги ХРИСТОВИ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО увоз-извоз Скопје и Геодетски елаборат за геодетски работи за

посебни намени за нумерички податоци КО Карпош, со дел. бр. 169/3-2015 од 20.4.2015 година, изработен од ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје, за изградба на објект од јавен интерес Е2 - Комунална супраструктура (регулаторна станица).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-9050/1
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

4399.

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 144/14, 33/15, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14 и 129/15) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА– МЕРМЕР НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА ЛИМЕСТОНЕ СЛАБС УВОЗ - ИЗВОЗ ДОО ПРИЛЕП НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КОЗЈАК“, ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. Со оваа одлука се доделува концесија за експлоатација на минерална суровина– мермер на локалитетот “Козјак“, општина Прилеп на Друштвото за производство, услуги и трговија Лиместоне Слабс увоз-извоз ДОО Прилеп, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини бр.42-11572/1-14 од 20.1.2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/15).

2. Друштвото за производство, услуги и трговија Лиместоне Слабс увоз-извоз ДОО Прилеп достави понуда со број 00000051 на 20.06.2015 година.

3. На Јавниот повик, Друштвото за производство, услуги и трговија Лиместоне Слабс увоз-извоз ДОО Прилеп ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Друштвото за производство, услуги и трговија Лиместоне Слабс увоз-извоз ДОО Прилеп се доделува концесија за експлоатација на минерална суровина– мермер на локалитетот “Козјак“, општина Прилеп, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
1	7561378	4582150
2	7561395	4582270
3	7561350	4582400
4	7561000	4582405
5	7560867	4582404
6	7560867	4582281

5. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.096058 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 30 (триесет) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за експлоатација во износ од 2.611.524,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок не подолг од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-8470/1
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

4400.

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 144/14, 33/15, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14 и 129/15) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА–МЕРМЕР НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА КРИН КГ ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ ПРИЛЕП НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЧАШКА“, ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. Со оваа одлука се доделува концесија за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот “Чашка“, општина Прилеп на Друштвото за производство, услуги и трговија Крин КГ ДОО увоз-извоз Прилеп, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини бр.42-11572/1-14 од 20.1.2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/15).

2. Друштвото за производство, услуги и трговија Крин КГ ДОО увоз-извоз Прилеп достави понуда со број 00000052 на 20.06.2015 година.

3. На Јавниот повик, Друштвото за производство, услуги и трговија Крин КГ ДОО увоз-извоз Прилеп ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Друштвото за производство, услуги и трговија Крин КГ ДОО увоз-извоз Прилеп се доделува концесија за експлоатација на минерална суровина– мермер на локалитетот "Чашка", општина Прилеп, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
1	7556527	4580428
2	7556280	4580458
3	7556315	4580656
4	7556379	4580683
5	7556516	4580800
6	7556705	4580779
7	7556843	4580666
8	7556768	4580491

5. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.149301 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 30 (триесет) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за експлоатација во износ од 3.447.903,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок не подолг од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8470/2
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

4401.

Врз основа на член 38 став 1 алинеја 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

1. Со оваа одлука се поништува постапката за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини:

- техногени минерални суровини на локалитет "Пробиштип", општина Пробиштип и
- минерална вода и гас CO2 на локалитет "с.Егри", општина Битола, објавени со Јавниот повик за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини 6/2015 („Службен весник на Република Македонија" 74/15).

2. Постапката за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини од точка 1 на оваа одлука се поништува со оглед дека за објавените локалитети од точка 1 на оваа одлука нема ниту една пристигната понуда до истекот на рокот за доставување на понуди.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8470/3
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

4402.

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007,19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013 и 139/2014), а во врска со член 2 од Уредбата за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2008 и 22/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОСТВАРЕНИ ПО ОСНОВ НА НАДОМЕСТОК ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ФОСИЛНИ ГОРИВА КАКО НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ОПШТИНИТЕ ЗА 2015 ГОДИНА

Член1

Со оваа одлука се распределуваат средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините, во износ од 28.161.926,00 денари.

Член 2

Средствата од членот 1 на оваа одлука се распределуваат согласно критериумите утврдени во членовите 4, 5, 6 и 7 од Уредбата за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, на следните општини:

Општина	Износ во денари
Новаци	7.196.474,00
Битола	15.737.345,00
Могила	3.426.893,00
Кичево	1.374.793,00
Гази Баба	8.830,00
Аеродром	46.339,00
Центар	23.103,00
Кисела Вода	85.365,00
Чаир	262.784,00

Член 3

Средствата од членот 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2015 година, како одобрен план во Раздел 12101 – Министерство за животна средина и просторно планирање, програма 2– Заштита за животна средина, потпрограма 21 – Инвестиции во животна средина, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 488–Капитални дотации до ЕЛС.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8612/1
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

4403.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13 и 139/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ - ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКО ОДМОРАЛИШТЕ ЃУРИШТЕ - СВЕТИ НИКОЛЕ

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за продажба на недвижни ствари - објекти на детско одморалиште Ѓуриште - Свети Николе („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/14).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8685/1
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

4404.

Врз основа на член 12 став (12) од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15 и 88/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство бр. 02-8559/2 од 1.9.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8830/1
1 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

4405.

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/2014, 188/2014, 10/2015 и 61/15), министерот за здравство утврди

У П А Т С Т В О
ЗА МЕДИЦИНСКО ЗГРИЖУВАЊЕ ПРИ ТРОМБОЛИЗА КАЈ ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН УДАР

Член 1

Со ова упатство се утврдува медицинско згрижување при тромболиза кај исхемичен мозочен удар.

Член 2

Начинот на згрижување при тромболиза кај исхемичен мозочен удар е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност на згрижување при тромболиза кај исхемичен мозочен удар по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на згрижувањето, при што истото од страна на докторот соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-9060/1
2 септември 2015 година
Скопје

Министер,
Никола Тодоров, с.р.

Прилог

1) При појава на симптоми и знаци на мозочен удар, неопходно е пациентот итно да се транспортира во најблиската соодветна здравствена установа (Универзитетска клиника за неврологија, ГОБ 8 септември, Клиничка болница-невролошко одделение)

2) Најава од центарот за итна медицинска помош до соодветната здравствена установа "пристига пациент со акутен мозочен удар"

3) Постапки кои ги превзема службата за итна медицинска помош при транспорт на пациент со мозочен удар

- стабилизирање на состојбата : A-airway (дишен пат) –B -breething (дишење) - C-circulation (циркулација)
- пациентот се поставува во лежечка положба или малку подигнат
- се дава кислород 2-6 литри преку назална канила (при хипоксемија)
- се мери гликемија (гликометар) и се третира (ако е <3,9 mmol/l, се даваат 3-5 ампули 50% гликоза)
- се поставува и одржува и.в. линија со Рингеров, Хартманов или NaCl 0,9% раствор(НЕ во парализираната рака)
- крвниот притисок се третира доколку е > 220/120 mmHg

4) Потребни информации при предавање на пациентот во болница

- почеток и вид на симптомите
- коморбидитети
- состојба пред мозочниот удар
- контакт телефон од семејство, пријатели
- медикаментозна терапија која редовно ја примал/а
- евентуална терапија при транспорт

5) При прием во соодветната здравствена установа, доколку има <3 часа од почеток на симптомите, се прават ургентни лабораториски тестови (крвна слика, број на тромбоцити, фактори на коагулација, INR, парцијално тромбопластинско време (PTT), крвна група, гликемија, Na, K, се проценува NIHSS, телесна температура (°C), крвен притисок (КП), се става на и.в. канила

6) Итна компјутеризирана томографија на мозокот (КТМ) и проценка на ASPECT скорот

7) Ако КТМ е без знаци на крварење, а ASPECT скорот е 7-10, провери инклузиони/ексклузиони критериуми

8) Инклузиони критериуми за интравенска тромболиза со rtPA

- исхемичен мозочен удар со јасно дефиниран почеток на симптоми
- невролошки дефицит кој може да се измери,5 < NIHSS < 25
- непостоење на знаци на интракранијално крварење на КТМ
- поминало најмалку 4,30h од појавата на симптомите на акутен исхемичен мозочен удар до започнување на терапија со rtPA

9) Ексклузиони критериуми

- КТМ: рани исхемични знаци, интрацеребрална хеморагија

- невролошки симптоми кои брзо се повлекуваат или се работи за благ невролошки дефицит
- мозочен удар или сериозна траума на главата во претходните 3 месеци
- поголема оперативна интервенција во претходните 14 дена
- претходна интрацеребрална хеморагија
- систолен артериски притисок преку 185mmHg или дијастолен преку 110mmHg во моментот на започнување со i.v.rtPA
- потреба за агресивна антихипертензивна терапија
- симптоми кои сугерираат САХ и покрај негативниот КТМ
- гастроинтестинално или урогенитално крварење во претходниот 21 ден
- артериска пункција на место кое не е достапно на компресија во претходните 7 дена
- епилептичен напад како иницијален симптом
- примена на хепарин 48 часа пред настанувањето на МУ со зголемено парцијално тромбопластинско време (ПТТ)
- протромбинско време поголемо од 15 секунди, бр. на Тр < 100 000/mm^3
- вредност на гликемија под 2,7 mmol/l или над 22,2 mmol/l
- прележан акутен миокарден инфаркт во претходните 3 месеци

10) Одлука на специјалистите за тромболиза

- Дозирање: И.в. rtPA во доза од 0,9mg/kgTT (максимално 90 mg, со 10% од дозата дадена во болус, а останатото во и.в. инфузија во тек на 60 мин.)

11) Следење на КТМ 24–48 часа после тромболизата или веднаш во случај на клиничко влошување

12) Третман на компликации од примена на интравенска тромболиза

А) Третман на интрацеребрална хеморагија

- да се прекине со апликација на rt-PA
- итен КТМ
- лаб: PT, aPTT,тромбоцити, фибриноген, INR
- 6-8 единици cryoprecipitate. Ако е нивото на фибриноген< 100 mg/dL (<1g/L) после cryoprecipitate, се препорачува уште 8 единици
- 6 до 8 единици тромбоцити (според лаб.наод):број на тромбоцити < 100,000— апликација на тромбоцити (1 единица/10 kg)
- FFP 2 единици
- консултација со хематолог и неврохирург

Б) Третман на алергиска реакција и ангиоедем

- да се прекине со апликација на rt-PA
- amp.Synopeni.m. 1x и amp.Ranitidin i.v.1x
- доколку нема подобрување, да се аплицира 80–100 mg amp. Methylprednisolone i.v.
- доколку нема подобрување, да се аплицира amp. Adrenalin 0.1% 0.3 ml-0,5ml s.c.
- доколку и понатаму нема подобрување, да се повика анестезиолог

13) За поставување на индикации за механичка тромболиза, која може да се изведе во период до 8 часа (за антериорна циркулација), односно до 12 часа за постериорна циркулација, потребно е да се направи

- КТ ангиографија на мозочни крвни садови

- КТ или МНР на мозокот со дифузија/перфузија
- Утврдување на mismatchна МНР на мозокот со дифузија/перфузија

14) Пред аплицирање на интравенска тромболиза согласно критериумите во ова упатство, на пациентот или на член на неговото семејство (доколку пациентот не е во можност самостојно да ја даде изјавата) му се дава да потпише изјава (образецот на изјавата е даден како составен дел на ова Упатство) за согласност за аплицирање на интравенска тромоболиза со која што пациенто или членот на неговото семејство ќе потврди дека е информиран целосно за неговата здравствена состојба кои се последиците, очекуваните резултати и можните компликации од примањето на интравенска троболиза, последиците, очекуваните резултати и можните компликации од одбивањето на истата, односно непримањето на интравенска тромболиза и изречна изјава за согласност или одбивање на третманот.

_____

(штембил на здравствената установа)

ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ/ОДБИВАЊЕ
на интравенска тромболиза

Основни податоци за пациентот:

1. Име и презиме_____ _____
2. Датум и место на раѓање_____
3. Медицинско досие број_____
4. Име на членот на семејството кој ја дава изјавата ако пациентот не може самостојно да ја даде истата:_____

Изјавувам при полна и чиста свест и совест, под полна лична, морална и материјална одговорност, дека сум целосно информиран од страна на здравствениот работник за мојата здравствена состојба, кои се последиците, очекуваните резултати и можните компликации од примањето на интравенска троболиза како и кои се последиците, очекуваните резултати и можните компликации од одбивањето на истата, па без присила изјавувам дека:

(да се заокружи што изјавува пациентот)

- **Се сосгласувам** да се изврши интравенска тромболиза.

- **Не се согласувам** да се изврши интравенска тромболиза.

Здравствен работник (со потписот потврдува дека целосно го информирал пациентот за неговата здравствена состојба, кои се последиците, очекуваните резултати и можните компликации од примањето на интравенска троболиза како и кои се последиците, очекуваните резултати и можните компликации од одбивањето на истата)
Име и Презиме, потпис и факслимил (ако има):_____

Пациент

_____

Во (место и ЗУ) _____ на ден _____

(М.П. нз З.У.)

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НЕВРОЛОГИЈА

Пациент _____ **Датум на раѓање**_____

Датум и час на прием _____|_____

Час на почеток _____ **на симптоми**

Време за аплицирање терапија до____**ч.**_____**мин.**

При прием:
NIHSS score _____ TA _____ HR _____ Gly _____ Бр.на тромб. _____

Инклузиони критериуми:
- ☐ 18-80 год.старост
- ☐ КТМ без крварење
- ☐ NIHSS score 5-25
- ☐ јасно дефиниран почеток на симптоми пред max. 4.5 часа

Ексклузиони критериуми:
- ☐ невролошки симптоми кои брзо се повлекуваат
- ☐ мозочен удар или траума на глава во претходни 3 три месеци
- ☐ оперативна интервенција во предходни 2 недели
- ☐ систолен артериски притисок >185 mmHg или дијастолен >110mmHg непосредно пред апликација
- ☐ симптоми кои сугерираат на САХ и покрај негативниот КТМ-наод
- ☐ предходна интракранијална хеморагија
- ☐ гастроинтестинално или урогенитално крварење во претходни 3 недели.
- ☐ позната хеморагична дијатеза
- ☐ лумбална пункција во претходни 7 дена
- ☐ епилептичен напад
- ☐ антикоагулантна терапија во предходни 48 часа
- ☐ број на тромбоцити <100.000mm3, (PT >15s., PTT >40s. , INR >1.7)
- ☐ гликемија <2,7ммол/Л или >22,2ммол/Л
- ☐ акутен инфаркт на миокард во претходни три месеци

КТМ час_____
Наод:

ASPECT score

C		M2	
I		M3	
L		M4	
IC		M5	
M1		M6	

10- ____=_____

ТРОМБОЛИЗА

Проценета тел.теж._____кг.

Тераписка доза ____кг x 0.9=_____ **вкупна доза**

_____ : 10 =_____ **вкупна доза** **болус доза**

_____ - _____=_____ **вкупна доза** **болус доза** **доза за инфузија**

Почеток на апликација____**ч.**____**мин.**

Крај на апликација ____**ч.**____**мин.**

	15 мин.	30 мин.	45 мин.	60 мин.
NIHSS score				
TA				

Несакани ефекти не да _____
Забелешка:_____

Префрлен на оддел во час_____ **Лекар:**_____

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4406.

Врз основа на член 167 став 1 точка б) и член 190, а во врска со членовите 154, 156, 158 и 166-а,од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014 и 15/2015), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 25.08.2015 година, утврди пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштвата со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Пречистениот текст на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштвата со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги опфаќа: Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи, резимето од годишните извештаи, материјали за акционерски собранија на акционерските друштвата со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 112/2008); Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи, резимето од годишните извештаи, материјали за акционерски собранија на акционерските друштвата со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 31/2011); Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи, резимето од годишните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштвата со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 31/2012), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи, резимето од годишните извештаи, материјали за акционерски собранија на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 76/2013) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштвата со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 171/2013).

Број 03-1175/2
25 август 2015 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИТЕ, ПОЛУГОДИШНИТЕ И ТЕКОВНИТЕ ИЗВЕШТАИ, МАТЕРИЈАЛИ ЗА АКЦИОНЕРСКИ СОБРАНИЈА И ИЗВЕШТАЈ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ КОИ СЕ ВОДАТ ВО РЕГИСТАРОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштвата со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува начинот, формата и содржината на доставување и објавувањето во јавноста на извештаите на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регистар) за општите податоци за друштвото, финансиската состојба, промените во капиталот, правниот статус, деловните активности кои имаат значително влијание врз цената на хартиите од вредност, неревидираните шестомесечни финансиски извештаи и ревидираните годишни финансиски извештаи, тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост, неревидираните годишни финансиски извештаи, барањето за ослободување од обврската за објавување на одредени информации, и др., како и начинот, формата и содржината на доставување и објавувањето во јавноста на извештаите на единиците на локална самоуправа кои издаваат хартии од вредност.

Член 1а

Одредбите од овој Правилник се однесуваат на друштвата што се водат во двата дела од Регистарот.

Член 2

Со Правилникот подетално се уредува следното:

- видот и содржината на извештаите на акционерските друштва кои се доставуваат до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (во понатамошниот текст: Комисија);
- видови и содржината на извештаите на акционерските друштва кои се објавуваат и водат во Регистарот на Комисијата;
- подготвување и форма на извештаите на акционерските друштва кои се водат во Регистарот на Комисијата;
- начин и рок на доставување на извештаите до Комисијата од страна на акционерските друштва кои се водат во Регистарот на Комисијата и
- достапност за јавноста на извештаите на акционерските друштва кои се водат во Регистарот на Комисијата;
- забрана за нецелосно објавување на податоци и
- необјавување на ценовно чувствителни информации.

Видови на извештаи

Член 3

(1)Акционерските друштва со посебни обврски за известување до Комисијата се должни да доставуваат:

1. Годишни извештаи кои содржат:

1.1 Општи податоци за акционерското друштво кое доставува извештај
- назив на друштвото,
- седиште и адреса,
- телефон и факс,
- адреса на електронската пошта,
- адреса на интернет страницата.

1.2 Правен статус на акционерското друштво
- матичен број издаден од Државен завод за статистика,
- шифра на дејноста,
- опис на дејностите (претежна дејност),
- број на Решението од Централниот Регистар,
- датум на основање (ден, месец, година),
- статусни промени на друштвото,
- број на подружници, филијали,
- број на вработени на последниот ден од периодот за кој се известува,
- систем на управување на друштвото,
- име и презиме на прокуристот.

1.3 Податоци за капиталот и промени во капиталот на друштвото
- вкупен износ на основната главнина,
- број на издадени обични и приоритетни акции,
- номинална вредност на акциите,
- дали во периодот за кој се известува е извршена емисија на акции на акционерското друштво (вид на емисија, број на издадени акции, вкупна вредност на издадените акции)
- дали во периодот за кој се известува е извршена поделба на акциите на акционерското друштво и податоци во врска со тоа,
- број на акционери на последниот ден од периодот за кој се известува,
- број и процент на сопствени обични и приоритетни акции во основната главнина на последниот ден на периодот за кој се известува (процентот заокружен на две децимали),
- податоци за стекнување на сопствени акции од страна на акционерското друштво,
- податоци за какви било значајни промени што биле содржани во проспектот доколку акционерското друштво издало проспект во последните 12 месеци,
- Меѓународен идентификациски број на акциите издадени од акционерското друштво (ИСИН број) и
- Сметка/и (трансакциона/и) на акционерското друштво и назив на институцијата која ја води.

1.4 Финансиски податоци и финансиска состојба на акционерското друштво
- Цена на обичните акции (највисока и најниска) ако со нив се тргувало на берзата или на друг организиран пазар за периодот за кој се известува;
- Цена на приоритетните акции (највисока и најниска) ако со нив се тргувало на берзата или на друг организиран пазар за периодот за кој се известува;
- Пазарна капитализација, доколку со акциите се тргува на берза или на организиран пазар, истата се утврдува со множење на последната поединечна цена на акциите постигната на берза последниот ден за периодот за кој се известува со бројот на вкупно издадените акции. Доколку друштвото котира односно со акциите се тргува на повеќе берзи, пазарната капитализација се утврдува според последната цена на акциите на берзата на која имало најголем вредносен обем на тргување;
- промени на сметководствените политики;
- „-ревидиран консолидиран и неконсолидиран финансиски извештај потпишан од одговорното лице на друштвото и усвоен од собранието на акционери на друштвото (се наведува датумот на одржување на акционерското собрание) подготвен во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на Република Македонија“ и извештај за извршена ревизија според Меѓународните ревизорски стандарди објавени во Службен весник на Република Македонија (го изготвува друштво за ревизија кое има регистрирано дејност во согласност со Закон и е запишано во Регистарот на друштва за ревизија, кој се води од надлежен орган во Република Македонија);“
- анализа и образложение на деловните резултати и програма за развој на акционерското друштво;
- податоци за членовите на управниот, надзорниот одбор, односно за членовите на одборот на директори, како и податоци за нивно процентуално учество во основната главнина на акционерското друштво;
- податоци за физички и/или правни лица кои поседуваат повеќе од 5% од акциите на друштвото (име, презиме, број на пасош и земја од која е издаден пасошот за странско лице; за правни лица: назив, седиште, адреса, матичен број), број и процент на обични и приоритетни акции во сопственост (процентот заокружен на две децимали);
- податоци на сите договори за наградување на членовите на управниот и надзорниот одбор или одборот на директори, односно лицата со посебни одговорности и овластувања;
- податоци за трансакциите помеѓу акционерското друштво со поврзаните лица;
- политика за распределба на дивиденда на акционерското друштво, дивиденда исплатена за една обична акција за последните три години поединечно (во апсолутен износ и во процентуален износ во однос на номиналната вредност, заокружен на две децимали) и дивиденда исплатена за една приоритетна акција во последните три години поединечно (во апсолутен износ и во процентуален износ во однос на номиналната вредност, заокружен на две децимали);
- податоци за деловни активности кои имаат значително влијание на пазарната цена на хартиите од вредност како што се: назив на берзата или друг организиран пазар на кој се тргува со хартиите од вредност на друштвото, информација за котација на хартиите од вредност на друштвото и назив на берзата на која котираат, правни прашања (коментар на органите на управување/менаџментот за сите судски постапки во кои е вклучено акционерското друштво како тужител односно тужена страна, чија вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капитал на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи) и останати значајни прашања кои влијаат на цената на хартиите од вредност (се наведуваат значајни настани кои не се опфатени со претходните алинеи, а би можеле да влијаат на цената на хартиите од вредност).

2. Полугодишни извештаи кои содржат:

2.1 Општи податоци за акционерското друштво кое доставува извештај
- назив на друштвото,
- седиште и адреса,
- телефон и факс,
- адреса на електронската пошта,
- адреса на интернет страницата.

2.2 Правен статус на акционерското друштво
- матичен број издаден од Државен завод за статистика,
- шифра на дејноста,
- опис на дејностите (претежна дејност),
- број на Решението од Централниот Регистар,
- датум на основање (ден, месец, година),
- статусни промени на друштвото,
- број на подружници, филијали,
- број на вработени на последниот ден од периодот за кој се известува,

- систем на управување на друштвото и
- име и презиме на прокуристот.

2.3 Податоци за капиталот и промени во капиталот на друштвото

- вкупен износ на основната главнина,
- број на издадени обични и приоритетни акции,
- номинална вредност на акциите,
- дали во периодот за кој се известува е извршена емисија на акции на акционерското друштво (вид на емисија, број на издадени акции, вкупна вредност на издадените акции)
- податоци за стекнување на сопствени акции од страна на акционерското друштво,
- дали во периодот за кој се известува е извршена поделба на акциите на акционерското друштво и податоци во врска со тоа,
- број на акционери на последниот ден од периодот за кој се известува,
- број и процент на сопствени обични и приоритетни акции во основната главнина на последниот ден на периодот за кој се известува (процентот заокружен на две децимали),
- Меѓународен идентификациски број на акциите издадени од акционерското друштво (ИСИН број) и
- Сметка/и (трансакциона/и) на акционерското друштво и назив на институцијата која ја води.

2.4 Финансиски податоци и финансиска состојба на акционерското друштво

- Цена на обичните акции (највисока и најниска) ако со нив се тргувало на берзата или на друг организиран пазар за периодот за кој се известува,
- Цена на приоритетните акции (највисока и најниска) ако со нив се тргувало на берзата или на друг организиран пазар за периодот за кој се известува,
- Пазарна капитализација, доколку со акциите се тргува на берза или на организиран пазар, истата се утврдува со множење на последната поединечна цена на акциите постигната на берза последниот ден за периодот за кој се известува со бројот на вкупно издадените акции. Доколку друштвото котира односно со акциите се тргува на повеќе берзи, пазарната капитализација се утврдува според последната цена на акциите на берзата на која имало најголем вредносен обем на тргување;
- подетално образложение за работењето на акционерското друштво со кое се ажурираат податоците објавени во претходниот годишен извештај и
- неревидирани консолидирани и неконсолидирани финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на успех, извештај за паричниот тек и извештај за промена на капиталот) подготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување дадени во Прилозите 1, 2, и 3 на овој Правилник.

3. Тековни извештаи:- неревидирани годишни консолидирани и неконсолидирани финансиски извештаи (билансните шеми согласно Прилозите 1, 2 и 3 на овој Правилник)

4. Тековни извештаи за ценовно чувствителни информации:

- загуба поголема од 30% од активата на друштвото;
- намалување на основната главнина под големината утврдена во статутот на друштвото;
- стекнување или отуѓување на над 5% од средствата на акционерското друштво (согласно Прилог 5 од овој Правилник);
- донесени одлуки за зделки со заинтересирана страна и мислењето на овластениот ревизор, доколку вредноста на зделката или кумулативната вредност на меѓусебно поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрување на зделката, надминува 10% од вредноста на активата на друштвото (согласно Прилог 4 од овој Правилник);
- донесени одлуки за големи зделки (согласно Прилог 4 од овој Правилник);
- промена на овластен ревизор;
- оставка, разрешување и именување на членовите на органите на управување;
- склучување или раскинување на договори или други правни работи кои влијаат врз работата и извршувањето на основната дејност на акционерското друштво;
- секој настан кој може да предизвика ненавремено или предвремено плаќање на финансиските обврски на акционерското друштво;
- поднесен предлог за отворање стечајна постапка или постапка на ликвидација, или поведена претходна постапка односно отворена постапка на стечај пред надлежен суд или отворена постапка на ликвидација;
- неисполнување на обврски врз основа на издадени хартии од вредност од страна на акционерското друштво;
- сите судски постапки во кои е вклучено акционерското друштво како тужител односно тужена страна, чија вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи (согласно Прилог 6 од овој Правилник);
- сите промени на правата што ги носат акциите од ист род издадени од акционерското друштво и
- сите засновани залози (заложно право) врз подвижни ствари, хартии од вредност, побарувања и други права (рачен залог) и врз недвижности (хипотека) чија што вредност, поединечно и/или кумулативно изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи (согласно Прилог 7 од овој Правилник).

5. Материјали за акционерски собранија:

Акционерското друштво е должно во рок од два дена од свикувањето на седница на собранието на акционери до Комисијата, по електронски пат, да ги достави сите материјали што им се доставени на акционерите при свикување на седниците на собранието на акционери.

6 Извештаи за сопственост, кои се однесуваат на:

- првичен извештај за сопственост на член на надзорен, управен одбор или одбор на директори на акционерско друштво со посебни обврски за известување, како и на лицата со посебни одговорности и овластувања;
- извештај за промена на сопственост на член на надзорен, управен одбор или одбор на директори на акционерско друштво со посебни обврски за известување, како и на лицата со посебни одговорности и овластувања;
- известување за стекнати, односно отуѓени хартии од вредност на правни или физички лица, кои хартии од вредност се издадени од акционерското друштво со посебни обврски за известување.

(2) Во случаите на консолидирани финансиски извештаи, се доставуваат и податоци за називот, седиштето и адресата на сите субјекти од консолидацијата.

(3) Во случаите кога акционерското друштво располага со други ценовно чуствителни информации кои не се објавени и кои не се наведени во член 3 од овој Правилник, истото има обврска веднаш, а најдоцна наредниот работен ден, да ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и во рок 5 (пет) работни дена од настанувањето да објави јавно соопштение најмалку во еден дневен весник на македонски јазик кој излегува на територијата на Република Македонија.

Член 3-а

(1) Единиците на локална самоуправа кои имаат издадено должнички хартии од вредност, од моментот на издавањето на хартиите од вредност до истекот на рокот на достасување и до целосно исплаќање на должничките хартии од вредност до Комисијата ги доставуваат следните податоци:

1. Годишни извештаи кои содржат:

1.1. Основни податоци за издавачот на крајот на годината за која се однесува известувањето:

- назив на издавачот
- адреса
- телефон
- интернет страница
- географска положба
- број на население
- главни стопански гранки во единицата на локална самоуправа
- вид и број на деловни субјекти регистрирани и активни на територијата на општината
- бруто домашен производ по глава на жител
- информација за локалните даноци и такси
- податоци за советот на единицата на локална самоуправа (број на членови, мандат и структура по одделни политички партии)
- градоначалник на единицата на локална самоуправа
- број на вработени

1.2. Годишен извештај на единицата на локална самоуправа усвоен од советот на единицата

- годишна сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа
- извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
- извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности
- извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка

1.3. Доколку е извршена ревизија на сметките на единицата на локална самоуправа за годината за која се однесува известувањето, се објавува и извештајот од извршената ревизија. Во случај да е извршена и државна ревизија и ревизија од независен овластен ревизор, во годишното известување се објавуваат и двата извештаи.

2. Квартални извештаи на единицата на локална самоуправа доставени до Министерството за финансии и усвоени од Советот на единицата, а доколку не е усвоен, причините за неусвојувањето

3. Буџет на единицата на локална самоуправа донесен од советот на единицата и ребаланс на буџетот, доколку е вршен ребаланс на буџетот

- Консолидиран биланс на приходи и расходи
- Функционална класификација на расходите
- Биланс на тековно-оперативни приходи и расходи
- Биланс на капитални приходи и расходи

4. Тековни извештаи за ценовно чувствителни информации, а особено за следното:

- Донесена Одлука за финансиска нестабилност на единицата на локална самоуправа
- План на мерки за надминување на финансиската нестабилност на единицата на локална самоуправа и измени и дополнувања на буџетот
- Донесена одлука за престанок на финансиската нестабилност на општината
- Доцнење со исплата на обврските по основ на издадените хартии од вредност и причини за доцнењето, како и план за надминување на таквата ситуација
- Промени на правата од издадените хартии од вредност
- Информација за предвремен откуп на издадените хартии од вредност
- Кредитен рејтинг и промени на кредитниот рејтинг на единицата на локална самоуправа и/или на должничките хартии од вредност издадени од единицата на локална самоуправа
- Други инфомрации кои можат да влијаат на цената на издадените хартии од вредност

(2) Во случаите кога единицата на локална самоуправа располага со други ценовно чуствителни информации кои не се објавени и кои не се наведени во член 3-а од овој Правилник, истата има обврска веднаш, а најдоцна наредниот работен ден, да ја извести Комисијата за хартии од вредност.

Член 4

Форма и начин на доставување на извештаите

(1) Акционерското друштво со посебни обврски за известување и единицата на локална самоуправа ги доставуваат сите извештаи, информации и материјали од член 3 и член 3-а на овој Правилник во електронска форма преку соодветен модул и програма на веб страницата на Комисијата.

(2) Програмата преку која се доставуваат податоците од став 1 на овој правилник однапред се доставува до секое акционерско друштво со посебни обврски за известување поединечно, од страна на Комисијата.

(3) Начинот и постапката од став 1 на овој член Комисијата може со посебен акт дополнително да ја определи.

(4) При доставување на извештаите под точките 1, 2 и 3 од членот 3 на овој Правилник, акционерското друштво со посебни обврски за известување задолжително доставува и писмена изјава на одговорното лице на друштвото, со која што се потврдува точноста и вистинитоста на податоците содржани во извештаите.

(5) На барање на Комисијата, акционерското друштво со посебни обврски за известување е должно веднаш по приемот на барањето од Комисијата да достави писмен примерок (копија) од извештаите и податоците определени со овој Правилник.

Рок на доставување на извештаите

Член 5

(1) Полугодишниот извештај акционерското друштво го доставува до Комисијата, со состојба на последниот ден од шестомесечието, најдоцна 45 дена од последниот ден на шестомесечието.

(2) Годишниот извештај акционерското друштвото го доставува до Комисијата во рок од пет месеци по завршување на секоја календарска година.

(3) Тековните извештаи за ценовно чувствителни информации се поднесуваат до Комисијата веднаш, а најдоцна наредниот работен ден од моментот на настанувањето на околностите определени во Законот за хартии од вредност, а неревидираните годишни консолидирани и неконсолидирани финансиски извештаи од член 3 став (1) точка 3 од овој Правилник се доставуваат до Комисијата веднаш, а најдоцна наредниот работен ден од денот на нивното изготвување во рокот предвиден со член 477 односно член 506 од Законот за трговски друштва.“

(4) Соопштение за ценовно чувствителни информации акционерското друштво објавува и во најмалку еден дневен весник во Република Македонија во рок од пет работни дена од денот на настанувањето на ценовно чувствителната информација.

(5) Материјалите за акционерски собранија се доставуваат до Комисијата во рок од два дена од свикувањето на седницата на собранието на акционери.

(6) Извештаите за сопственост акционерското друштво ги доставува до Комисијата во рок од десет работни дена од денот на порамнувањето на трговската трансакција или извршувањето на нетрговскиот пренос на хартиите од вредност.

Член 5-а

(1) Годишниот извештај единицата на локална самоуправа го доставува до Комисијата во рок од пет месеци по завршување на секоја календарска година.

(2) Кварталниот извештај единицата на локална самоуправа го доставува до Комисијата во рок од 45 дена по завршување на кварталот.

(3) Буџетот на единицата на локална самоуправа донесен од советот на единицата и ребаланс на буџетот, доколку е вршен ребаланс на буџетот, единицата на локална самоуправа го доставува до Комисијата во рок од 15 дена од донесување на истиот.

(4) Тековните извештаи за ценовно чувствителни информации се поднесуваат до Комисијата веднаш, а најдоцна наредниот работен ден од моментот на настанувањето на околностите определени во член 3-а став (1) точка 4 од овој Правилник.

Објавување на податоците во Регистарот

Член 6

Во Регистарот на Комисијата, односно на нејзината Веб страница се објавуваат сите извештаи, информации и материјали од член 3 и член 3-а на овој Правилник.

Член 7

(1) На барање од правно или физичко лице, Комисијата овозможува увид и дава препис на извештаите од член 3 и член 3-а на овој Правилник.

(2) За издавање на препис на извештаите врз основа на барањето од став 1 на овој член се наплатува надомест согласно актот за висината на одделните надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Член 8

(1) Податоците содржани во извештаите имаат статус на претпоставена точност и вистинитост.

(2) За точноста и вистинитоста на податоците содржани во извештаите одговараат одговорните лица во акционерското друштво.

(3) Комисијата не одговара за точноста и вистинитоста на податоците содржани во извештаите доставени од друштвата, ниту на податоците кои настануваат со нивна понатамошна обработка (споредби, анализи и сл.).

Забрана за нецелосно обелоденување на податоци

Член 9

(1) Во случај акционерското друштво или лице кое го претставува истото достави податоци во врска со друштвото или неговите хартии од вредност на брокерска куќа или вработен во брокерска куќа, инвестиционен фонд или вработен во инвестиционен фонд, пензиски фонд или вработен во пензиски фонд или друштво за управување со фондови или вработен во друштво за управување со фондови, акционерското друштво мора да направи истовремено обелоденување во случај кога податоците се доставени со намера и да ги обелодени во јавноста во најкраток можен рок како и во случај кога податоците се доставени ненамерно.

(2) Обелоденувањето на податоците од став 1 од овој член се врши не подоцна од 5 (пет) работни дена од доставувањето на податоците, со објава на јавно соопштение најмалку во еден дневен весник на македонски јазик кој излегува на територијата на Република Македонија.

Необјавување на ценовно чувствителни информации

Член 10

Со посебно барање акционерското друштво може да побара од Комисијата да биде ослободено од обврската за обелоденување на одредени информации во годишниот, полугодишниот и тековниот извештај или на друг начин уреден во овој Правилник доколку јавното објавување би предизвикало сериозно загрозување на значајни деловни интереси на акционерското друштво или би било спротивно на јавниот интерес и доколку акционерското друштво е во можност да ја гарантира доверливоста на таквите информации.

Член 11

Барањето од член 10 од овој Правилник содржи:

- основни податоци за друштвото;
- кои податоци од годишниот, шестомесечниот, тековниот извештај и согласно овој Правилник се бара да не бидат обелоденети;
- образложение на интересите на друштвото кои би биле загрозени со објавувањето на податоците;
- образложение за влијанието на обелоденувањето/необелоденувањето на податоците врз пазарот на хартии од вредност на Република Македонија;
- образложување на јавниот интерес и спротивноста со истиот доколку податоците се обелоденат и
- гаранција за доверливост на податоците и гаранција дека истите нема да бидат обелоденети.

Преодни и завршни одредби

Член 12

(1) Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува почнувајќи од 1.1.2009 година.

(2) Со денот на примената на овој Правилник престанува да важи Правилникот на Комисијата за хартии од вредност бр. 03-2680/1 од 1.12.2006 година објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 6/2007.

Член 13

Со денот на примената на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи, резимето од годишните извештаи, материјали за акционерски собранија на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр.76/2013) престанува да важи Правилникот за времето и начинот на обелоденување на ценовно чувствителни информации на акционерските друштва со посебни обврски за известување („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/2006, бр.66/2008 и бр.150/2010).

Член 14

Пречистениот текст на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ќе се објави во Службен весник на Република Македонија и на веб страната на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Прилог 1

Билансни шеми на ДРУШТВАТА ОД ГРУПАТА ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ

Друштво
Период на известување

Матичен број на друштвото

Биланс на успех

Податоците се во 000 денари

Р.Б.	Позиција	Претходна година		Тековна година		Индекси	
		кумулативно од почетокот на годината	тековно тромесечие	кумулативно од почетокот на годината	тековно тромесечие	во однос на претходна година	во однос на претходно тромесечие
1	Приходи од камата и останати слични приходи					0	0
2	Расходи за камата и останати слични расходи					0	0
3	**Нето приход од камата**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
4	Приходи од провизии и надоместоци					0	0
5	Расходи од провизии и надоместоци					0	0
6	**Нето приходи од провизии и надоместоци**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
7	Приходи од дивиденди					0	0
8	Приходи од курсни разлики, нето					0	0
9	Нето добивка/загуба од финансиски средства и обврски проценети според објективната вредност					0	0
10	Нето добивка/загуба од финансиски средства и обврски (расположливи за продажба и вложувања кои се чуваат до достасување)					0	0
11	Останати приходи од работењето						

12	Загуби поради оштетување на средства кај дадени кредити и вложувања								
13	Административни расходи	0	0		0	0	0	0	0
13а	*Трошоци за вработените*								
13б	*Амортизација*						0	0	0
13в	*Останати административни расходи*						0	0	0
14	Останати оперативни расходи	0	0		0	0	0	0	0
14а	*Загуба од продажба на имот и опрема*						0	0	0
14б	*Трошоци за софтвер*						0	0	0
14в	*Оперативен лизинг*						0	0	0
14г	*Останати*						0	0	0
15	***Оперативна добивка/загуба***	***0***	***0***		***0***	***0***	***0***	***0***	***0***
16	Добивка/загуба на придружни друштва	0					0	0	0
17	***Нето Добивка/загуба пред оданочување***	***0***	***0***		***0***	***0***	***0***	***0***	***0***
18	Данок од добивка	0					0	0	0
19	***Нето Добивка/загува за финансиската година***	***0***	***0***		***0***	***0***	***0***	***0***	***0***
20	Распределена на:								
21	**Сопствениците на друштвото**								
22	**Малцински интерес**								

Друштво
Период на известување Матичен број

Биланс на состојба

Податоците се во 000 денари

Позиција	Претходна година	Тековна година	Индекси
АКТИВА			
Парични средства и депозити кај НБРМ			0
Благајнички записи			0
Пласмани и кредити на други банки			0
Дадени кредити на коминтенти			0
Финансиски средства за тргување			0
Деривативни финансиски инструменти			0
Финансиски инструменти проценети според објективната вредност			0
Вложувања во инструменти	0	0	0
Расположливи за продажба			0
Инструменти кои се чуваат до достасување			0
Средства дадени под залог			0
Вложувања во придружни претпријатија			0
Материјални вложувања дадени под закуп			0
Недвижности и опрема			0
Нематеријални вложувања			0
АВР и останата актива			0
Одложени средства за данок на добивка			0
Вкупна актива	**0**	**0**	**0**
ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА			*0*
ПАСИВА И КАПИТАЛ			

ПАСИВА	0	0	0
Депозити на банки			0
Депозити на комитенти			0
Останати депозити			0
Финансиски обврски за тргување			0
Деривативни финансиски инструменти			0
Издадени хартии од вредност			0
Оврски по кредити			0
Финансиски обврски проценети според објективната вредност			0
Останати обврски			0
Оврски по даноци			0
Резервирања			0
ПВР и останата пасива			0
АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ	**0**	**0**	**0**
Акционерски капитал			0
Задржана добивка			0
Задолжителни резерви			0
Останати резерви			0
Малцински удел			0
Вкупно пасива и капитал	**0**	**0**	**0**
ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА			*0*

Друштво
Период на известување Матичен број

Извештај за паричниот тек

Податоците се во 000 денари

Позиција	Претходна година	Тековна година	Индекси
Парични текови од оперативни активности			
Приходи од камата и останати слични приходи			0
Расходи за камата и останати слични расходи			0
Приливи од наплатени дивиденди			0
Приходи од провизии и надоместоци			0
Приходи од курсни разлики и останати приходи, нето			0
Приливи од претходно отпишани побарувања			0
Одливи за исплата на вработените и добавувачите			0
Платени даноци на добивка			0
Добивка од дејности пред промена на деловната актива	*0*	*0*	*0*
Зголемување (намалување) во деловната актива и пасива	*0*	*0*	*0*
– Зголемување на финансиски средства за тргување, нето			0
– Зголемување на Деривативни финансиски инструменти, нето			0
– Нето зголемување/намалување на пласмани и кредити во други банки			0
– Нето зголемување/намалување на пласмани и кредити дадени на коминтенти			0
– Нето зголемување/намалување на останата актива			0
– Нето зголемување на депозити примени од други банки и финансиски институции			0
– Нето зголемување на останати депозити			0

– Нето зголемување на финансиски обврски за тргување				0
– Нето зголемување на средствата од клиенти, останати позајмени средства и должнички хартии од вредност				0
– Нето зголемување/намалување на останата пасива				0
Нето паричен тек од оперативни активности	***0***	***0***		***0***
Парични текови од инвестициони активности				
Парични исплати за стекнување на придружни правни лица				0
Парични приливи од продажба на придружни правни лица				0
Набавки на недвижности, опрема, нематеријални средства и сл.				0
Продажба на недвижности, опрема, нематеријални средства и сл.				0
Парични исплати за стекнување на хартии од вредност				0
Парични приливи од продажба и откуп на хартии од вредност				0
Нето паричен тек од инвестициони активности	***0***	***0***		***0***
Парични текови од финансиски активности				
Парични приливи од издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми				0
Парични одливи за враќање на издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми				0
Парични приливи од зголемување на капиталот преку издавање на акции или други сопственички хартии од вредност				0
Откуп на сопствени акции				0
Продажба на сопствени акции				0
Исплатена дивиденда				0
Нето паричен тек од финансиски активности	***0***	***0***		***0***
Нето зголемување/намалување на паричните средства и парични еквиваленти	***0***	***0***		***0***
Парични средства на почеток на годината				0
Ефекти од промена на вредноста заради курни разлики				0
Пари и парични еквиваленти на крајот на годината	***0***	***0***		***0***

Друштво
Период на известување Матичен број

Извештај за промените во капиталот

Податоците се во 000 денари

Промени	Капитал на акционерите				Малцински интерес	Вкупно капитал
	Акционерски капитал	Премии на издадени акции	Резерви	Акумулирана добивка (загуба)		
Состојба на 1 Јануари претходната година						**0**
Уплата на акции						**0**
Откупени сопствени акции						**0**
Продадени сопствени акции						**0**
Конверзија на хартии од вредност						**0**
Добивка (загуба) за финансиската година						**0**
Распределба на добивката во корист на резервите						**0**
Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите						**0**
Распределба на добивката за награди и користи за вработените						**0**
Останати резерви на банката						**0**
Процена на материјални средства						**0**
Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност						**0**
Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност						**0**
Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина						**0**
Малцински интерес						**0**
Одложени даноци						**0**
Признаени приходи и расходи, нето						**0**

Курсни разлики							0
Останато зголемување/намалување на средства, нето							0
Состојба на 31 Декември претходната година	0	0	0	0	0	0	0
Уплата на акции							0
Откупени сопствени акции							0
Продадени сопствени акции							0
Конверзија на хартии од вредност							0
Добивка (загуба) за финансиската година							0
Распределба на добивката во корист на резервите							0
Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите							0
Распределба на добивката за награди и користи за вработените							0
Останати резерви на банката							0
Процена на материјални средства							0
Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност							0
Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност							0
Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина							0
Малцински интерес							0
Одложени даноци							0
Признаени приходи и расходи, нето							0
Курсни разлики							0
Останато зголемување/намалување на средства, нето							0
Состојба на 31 Декември во тековната година	0	0	0	0	0	0	0

Прилог 2

Билансни шеми на ДРУШТВАТА ОД ГРУПАТА ДРУШТВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Друштво

Период на известување Матичен број на друштвото

Биланс на успех

Податоците се во 000 денари

Р.Б.	Позиција	Претходна година		Тековна година		Индекси	
		кумулативно од почетокот на годината	тековно тромесечие	кумулативно од почетокот на годината	тековно тромесечие	во однос на претходна година	во однос на претходно тромесечие
1	Приходи од основна дејност					**0**	**0**
2	Расходи од основна дејност					0	0
3	Приходи по основа на резервирање	0	0	0	0	0	0
4	Расходи по основа на резервирање					0	0
5	**Бруто добивка**					0	0
6	Останати приходи	0	0	0	0	0	0
7	Останати расходи					0	0
8	**Добивка од оперативни активности**					0	0
9	Приходи од финансирањето					0	0
10	Расходи од финансирањето					0	0
11	**Добивка пред оданочување**						

12	Данок од добивка						0	0	0
13	**Нето добивка/ загуба од редовно работење**	0	0	0	0	0	0	0	0
13а	Вонредни приходи								
13б	Вонредни расходи						0	0	0
13в	**Нето добивка во пресметковен период**						0	0	0

Биланс на состојба

Друштво
Период на известување

Матичен број на друштвото

Позиција	Претходна година	Тековна година	Индекси
СРЕДСТВА			
А) Тековни средства	**0**	**0**	**0**
Побарувања за запишан а неуплатен капитал			**0**
Нематеријални средства			**0**
Матерјални средства			**0**
Вложувања во поврзани субјекти и учество во вложувањата			**0**
Доолгорочни побарувања по заеми и депозити			**0**
Други средства			**0**
ТЕКОВНИ СРЕДСТВА	**0**	**0**	**0**
Побарувања по основа на осигурување и реосигурување			**0**
Останати побарувања			**0**
Останати неспомнати средства			**0**
Откупени сопствени акции			**0**
АВР			**0**
Парични средства и еквивалент на парични средства			
ВКУПНО СРЕДСТВА	**0**	**0**	**0**
А) КАПИТАЛ И ОБВРСКИ	**0**	**0**	**0**
Запишан капитал			**0**
Премии на емитирани акции			
Резерви			**0**
Акумулирана добивка (загуба)			**0**
Реваloризациони резерви			**0**

Б) **Малцински интереси**			
В) Техничка резерва	**0**	**0**	**0**
Преносни премии			
Математичка резерва за животно осигурување	**0**	**0**	**0**
Резерви за штета			**0**
Останати технички резерви			**0**
Г) Останати резервирања			**0**
Д) ОБВРСКИ			**0**
Обврски за штети и договорни износи по основа на осигурување	**0**	**0**	**0**
Обврски за основа на реосигурување			**0**
Обврски кон добавувачи			**0**
Останати обврски			**0**
ПВР			
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			***0***

Друштво
Период на известување Матичен број

Извештај за паричниот тек

Податоците се во 000 денари

Позиција	Претходна година	Тековна година	Индекси
А) Парични текови од деловни активности	***0***	***0***	***0***
Нето добивка/загуба после оданочување		0	0
Прилагодување за:			0
Амортизација			0
Зголемување/намалување на побарувањата по основа на осигурување и реосигурување			0
Зголемување/намалување на останати побарувања			0
Зголемување/намалување на останати неспомнати средства			0
Зголемување/намалување на АВР			0
Зголемување/намалување обврски за штети			0
Зголемување/намалување обврски за реосигурување			0
Зголемување/намалување на обврски спрема добавувачите			0
Зголемување/намалување на останати обврски			
Зголемување/намалување на ПВР			0
Зголемување/намалување на преносни премии			0
Зголемување/намалување на математичка резерва			0
Зголемување/намалување на резерви на штета			0
Зголемување/намалување на останати технички резерви			0
Зголемување/намалување на останати резервирања			0
Б) Парични текови од инвестициони активности	***0***	***0***	***0***

Зголемување/намалување на вложувања во поврзани субјекти и учество во резултатот				0
Директни набавки на нематеријални средства и материјални средства				0
Продажба на материјални и нематеријални средства				
Зголемување/намалување на долгорочни побарувања				
Зголемување/намалување на други средства				
В) Парични текови од финансиски активности				
Зголемување на капиталот со нова емисија				
Зголемување/намалување на обврските по кредити				
Исплатени дивиденди				0
Откупени сопствени акции				0
Прилив од продадени сопствени акции				0
Малцински интерес				0
Зголемување/намалување на парични средства и паричен еквивалент				0
Парични средства и паричен еквивалент на почеток на годината				0
Парични средства и паричен еквивалент на крајот на годината				0

Друштво

Период на известување Матичен број

Извештај за промените во капиталот

Податоците се во 000 денари

Промени	Капитал на акционерите				Исплатена дивиденда	Вкупно капитал
	Акционерски капитал	Премии на издадени акции	Резерви	Акумулирана добивка (загуба)		
Состојба на 1 Јануари претходната година						**0**
Уплата на акции						**0**
Откупени сопствени акции						**0**
Продадени сопствени акции						**0**
Конверзија на хартии од вредност						**0**
Добивка (загуба) за финансиската година						**0**
Распределба на добивката во корист на резервите						**0**
Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите						**0**
Распределба на добивката за награди и користи за вработените						**0**
Останати резерви на друштвото						**0**
„(3) Надворешната и внатрешната страна на предната и задната корица на пасошот е со димензии од 100 x 152 mm и треба да е во сина боја. На надворешната страна од предната корица во горниот дел стои грбот на Република Македонија, а под него текстот: „Република Македонија“ и „Пасош за домашни миленици“. На долниот дел од секоја страна со исклучок на надворешната страна на задната корица треба да стои ИСО кодот за Република Македонија „МК“ и единствениот број на пасошот. Текстот на пасошот треба да биде напишан на македонски и на англиски јазик.

(4) Насловите на деловите од пасошот се испишуваат со римски броеви и содржат податоци за:

- сопственикот на животното,
- опис на животното,
- идентификација на животното,
- вакцинација на животното против беснило,
- извршени серолошки тестирања,
- третман на животното против ектопаразити,
- третман против ендопаразити,
- извршени други вакцинации на животното,
- извршени клинички испитувања врз животното,
- надлежниот орган за верификација и
- други податоци, доколку се потребни да се наведат во пасошот.

(5) Покрај податоците од ставот (3) на овој член пасошот содржи и полиња за внесување на следните податоции:

1) местото на транспондерот или тетоважата, датумот на поставување или датумот на читање на транспондерот или тетоважата, како и алфанумеричкиот код кој е прикажан на транспондерот или тетоважата;

2) името, видот, расата, полот, бојата, датумот на раѓање посочен од сопственикот, како и сите видливи или препознатливи карактеристики или особини на домашниот миленик;

3) името и инфомациите за контакт на сопственикот;

4) името, информациите за контакт и потписот на овластениот ветеринар кој го врши издавањето или го пополнува документот за идентификација;

5) потписот на сопственикот;

6) детални податоци за вакцинацијата против беснило;

7) датумот на земање на примерок од крв за тестот за титрација на антитела против беснило;

8) исполнување на сите превентивни здравствени мерки во однос на болести или зарази, различни од беснило и

9) други релевантни информации во врска со здравствената состојба на миленикот.

(6) Пасошот треба да биде нумериран во дното на секоја страна при што на првата страна се внесува бројот на страната и вкупниот број на страни, секоја направена исправка треба да бидат заверени со потпис и факсимил од овластеното ветеринарно друштво кое го издало пасошот.

(7) Изгледот и податоците на пасошот се дадени во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

(8) Пасошот го издава овластениот ветеринар откако:

1) потврдил дека домашниот миленик е означен во согласност со член 4 од овој правилник;

2) ги пополнил прописно соодветните полиња во ветеринарно - здравствениот сертификат за некомерцијално движење во Република Македонија и

3) сопственикот го потпишал документот за идентификација.

(9) Откако овластениот ветеринар потврдил дека миленикот е означен во согласност со член 4 од овој правилник, ги пополнува соодветните полиња на документот за идентификација со информациите наведени во став (5) точки 4), 6), 7) и 8) на овој член и на тој начин се потврдува исполнувањето на условите утврдени во член 4 став (1) точки 2) и 4) од Правилникот за начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит и начинот и постапката за увоз на домашни миленици, и таму каде што е применливо исполнување на условите утврдени во член 4 став (1) точка 3) од Правилникот за начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит и начинот и постапката за увоз на домашни миленици, освен во случајот на отстапувањето утврдено во член 6 од Правилникот за начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит и начинот и постапката за увоз на домашни миленици.“

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот дел од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-2329/3
21 август 2015 година
Скопје

Директор на
Агенција за храна и
ветеринарство,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.

Прилог

Пасош за домашни миленици



Република Македонија
Republic of Macedonia

ПАСОШ
на домашни миленици

PET PASSPORT

стр. 1 од 20
page 1 out of 20

Објаснување за пополнување на пасош
Explanatory notes for completing the passport

- **Во секој дел следниот формат се користи за да се посочи**
  - **датата: дд/мм/гггг**
  - **време: 00:00**
- **Делот III, точка 5: потребна е информација доколку животното има јасно читлива тетоважа аплицирана пред 3 јули 2011 и не е обележано со имплантација на транспондер.**
- **Делот V: потребно е само**
  - **пред движење во друга земја - членка / ... во согласност со законодавството на ЕУ за здравје на животните; или**
  - **кога животното повторно влегува во Унијата / ... по движење во територии или трети земји во согласност со законодавството на ЕУ за здравје на животните (да бидат завршени пред животното да ја напушти Унијата / ...); или**
  - **во согласност со националното законодавство.**
- **Делот V. „ВАЖНОСТ ОД[1]": не се потребни информации за бустер вакцинација.**

- In each Section of the passport the following fomat shall be used to indicate
  - a date: dd/mm/yyyy
  - a time: 00:00
- Section III , point 5: information required where the animal has a clearly readable tattoo applied before 3 july 2011 and is not marked by the implantation of a transponder.
- Section V: only required
  - before movement into another Member State/... in accordance with EU animal health legislation; or
  - where the animal re-enters the Union/... after a movement to territories or third countries in accordance with EU animal health legislation (to be completed before the animal leaves the Union/...); or
  - in accordance with national legislation.
- Section V. „VALID FORM[1]": information not required for booster vaccinations

стр. 2 од 20
page 2 out of 20

Објаснување за пополнување на пасош
Explanatory notes for completing the passport

- **Делот VI: потребно е само кога животното повторно влегува во Унијата/... по движење во територии или трети земји во согласност со законодавството на ЕУ за здравје на животните (да бидат завршени пред животното да ја напушти Унијата / ...).**
- **Делот VII: потребно е само пред движење во одредени земји-членки / ... во согласност со законодавството на ЕУ за здравје на животните.**
- **Делот VIII до XI: може да се бара од страна на територии или трети земји на дестинација кои го прифаќаат пасошот.**
- **Делот X: потребно е само кога животното е придружено со здравствен сертификат во согласност со законодавството на ЕУ за здравје на животните.**
- **Делот XII: дополнителни информации потребни според националното законодавство.**

- Section VI: only required where the animal re-enters the Union/... after a movement to certain territories or third countries in accordance with EU animal health legislation (to be completed before the animal leaves the Union/...).
- Section VII: only required before movement into certain Member States/ ... in accordance with EU animal health legislation.
- Section VIII to XI: may be required by rerritories or third countries of destination which accept the passport.
- Section X: only required where the animal is accompanied by a health certificate in accordance with EU animal health legislation.
- Section XII: additional information required under national legislation.

стр. 3 од 20
page 3 out of 20

I. ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНОСТ / DETAIL OF OWNERSHIP

1. **Име** / Name: _____
   Презиме / Surname: _____
   Адреса / Address: _____
   _____
   Поштенски Број / Post-code: _____
   Град / City: _____
   Држава / Country: _____
   Телефонски број* / Telephone number*: _____
   Потпис / Signature: _____

2. **Име** / Name: _____
   Презиме / Surname: _____
   Адреса / Address: _____
   _____
   Поштенски Број / Post-code: _____
   Град / City: _____
   Држава / Country: _____
   Телефонски број* / Telephone numer*: _____
   Потпис / Sinature: _____

***Не е задолжително** / *Optional

стр. 4 од 20
page 4 out of 20

II. ОПИС НА ЖИВОТНОТО / DESCRIPTON OF ANIMAL

СЛИКА НА ЖИВОТНОТО/
PICTURE OF THE ANIMAL
(Не е задолжително/Optional)

1. **Име*** / Name*: _____
2. **Вид** / Species: _____
3. **Раса*** / Breed*: _____
4. **Пол** / Sex: _____
5. **Дата на раѓање*** / Date of birth*: _____
6. **Боја** / Colour: _____
7. **Некои значајни или видливи карактеристики или особини** / Any notable or discernable features or characteristics: _____

* **По изјава на сопственикот** / As stated by owner

стр. 5 од 20
page 5 out of 20

III. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЖИВОТНОТО / MARKING OF ANIMAL

1. **Алфанумерички код на транспондер** / Transponder alphanumeric code: _____
2. **Дата на апликација или читање* на транспондерот** / Date of application or reading* of the transponder: _____
3. **Локација на транспондерот** /Location of the transponder: _____
4. **Алфанумерички код на тетоважа** / Tatoo alphanumeric code: _____
5. **Дата на апликација / дата на читање на тетоважата** / Date of application / date of reading of the tattoo: _____
6. **Локација на тетоважата** / Location of the tattoo: _____

Обележувањето мора да биде потврдено во овој пасош пред секој нов влез /
The marking must be verified before any new entry is made on this passport

* **Избришете доколку е потребно** / *Delete as necessary

стр. 6 од 20
page 6 out of 20

IV. ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШОТ / ISSUING OF PASSPORT

Име на овластениот ветеринар /
Name of the authorised veterinarian: _____

Адреса / Address: _____

Поштенски Број / Post-code: _____

Град / City: _____

Држава / Country: _____

Телефонски број / Telephone numer: _____

Е-маил адреса / E-mail address: _____

Датум на издавање / Date of issuing: _____

ПЕЧАТ И ПОТПИС /
STAMP & SIGNATURE

стр. 7 од 20
page 7 out of 20

стр. 8 од 20
page 8 out of 20

V. ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ БЕСНИЛО/ VACCINATION AGAINST RABIES

ПРОИЗВОДИТЕЛ И ИМЕ НА ВАКЦИНА/ MANUFACTURER & NAME OF VACINE	СЕРИСКИ БРОЈ/ BATCH NUMBER	ДАТА НА ВАКЦИНАЦИЈА', VACCINATION DATE' ВАЖНОСТ ОД', VALID FROM' ВАЖНОСТ ДО', VALIC UNTIL'	ОВЛАСТЕН ВЕТЕРИНАР/ AUTHORISED VETERINARIAN
		1 2 3	*
		1 2 3	*

*Најмалку име, адреса, телефонски број и потпис / At least name, address, telephone number and signature


стр. 9 од 20
Page 9 out of 20
1
2
3
*
*Најмалку име, адреса, телефонски број и потпис / At least name, address, telephone number and signature


стр. 10 од 20
Page 10 out of 20
VI. ТЕСТ ЗА ТИТРАЦИЈА НА АНТИТЕЛА ЗА БЕСНИЛО / RABIES ANTIBODY TITRATION TEST
Јас, долупотпишаниот потврдувам дека го проследив официјално добиениот резултат, од тестот за титрација на антитела за беснило изведен во лабораторија одобрена од ЕУ, извршен на примерок крв земен на датумот наведен подолу од наведеното животно, кој потврдува реакција на вакцинацијата против беснило на ниво на серум неутрализирачки антитела еднаков или поголем од 0.5 IU/ml.
I, the undersigned, confirm that I have seen an official record stating that the rabies anibody titration test performed at an EU-approved laboratory on a sample of blood collected on the date mentioned below from the above described animal proved a response to anti-rabies vaccination at a level of serum neutralising antibody equal to or greater than 0.5 IU/ml.
Примерокот е земен на / Sample collected on:
Име на овластениот ветеринар / Name of the autorised veterinarian:
Адреса / Address:
Телефонски број / Telephone numer:
Дата / Date:
ПЕЧАТ И ПОТПИС / STAMP & SIGNATURE

стр. 11 од 20
Page 11 out of 20
ВО СЛУЧАЈ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН ТЕСТ / IN CASE OF FURTHER TEST
Јас, долупотпишаниот потврдувам дека го проследив официјално добиениот резултат, од тестот за титрација на антитела за беснило изведен во лабораторија одобрена од ЕУ, извршен на примерок крв земен на датумот наведен подолу од наведеното животно, кој потврдува реакција на вакцинацијата против беснило на ниво на серум неутрализирачки антитела еднаков или поголем од 0.5 IU/ml.
I, the undersigned, confirm that I have seen an official record stating that the rabies anibody titration test performed at an EU-approved laboratory on a sample of blood collected on the date mentioned below from the above described animal proved a response to anti-rabies vaccination at a level of serum neutralising antibody equal to or greater than 0.5 IU/ml.
Примерокот е земен на / Sample collected on:
Име на овластениот ветеринар / Name of the autorised veterinarian:
Адреса / Address:
Телефонски број / Telephone numer:
Дата / Date:
ПЕЧАТ И ПОТПИС / STAMP & SIGNATURE


стр. 12 од 20
Page 12 out of 20
VII. ТРЕТМАН ПРОТИВ ЕХИНОКОКОЗА / ANTI-ECHINOCOCCUS TREATMENT
ПРОИЗВОДИТЕЛ И ИМЕ НА СРЕДСТВОТО / MANUFACTURER & NAME OF PRODUCT
ДАТА[1], DATE[1] / ВРЕМЕ[2], TIME[2]
ОВЛАСТЕН ВЕТЕРИНАР / AUTHORIZED VETERINARIAN
1
2
ПОТПИС И ПЕЧАТ / STAMP & SIGNATURE


ПОТПИС И ПЕЧАТ/
STAMP & SIGNATURE
стр. 13 од 20
page 13 out of 20


стр. 14 од 20
page 14 out of 20
VIII. ДРУГИ ТРЕТМАНИ ПРОТИВ ПАРАЗИТИ /
OTHER ANTI-PARASITE TRETMENTS
ПРОИЗВОДИТЕЛ И ИМЕ НА СРЕДСТВОТО/
MANUFACTURER & NAME OF PRODUCT
ДАТА[1], DATE[1]/
ВРЕМЕ[2], TIME[2]
ОВЛАСТЕН ВЕТЕРИНАР /
AUTHORIZED VETERINARIAN
ПОТПИС И ПЕЧАТ/
STAMP & SIGNATURE


ПОТПИС И ПЕЧАТ/
STAMP & SIGNATURE
стр. 15 од 20
page 15 out of 20

стр. 16 од 20
page 16 out of 20
IX. ДРУГИ ВАКЦИНАЦИИ / OTHER VACCINATIONS
ПРОИЗВОДИТЕЛ И ИМЕ НА ВАКЦИНА/ СЕРИСКИ БРОЈ/
MANUFACTURER & NAME OF VACINE BATCH NUMBER
ДАТА НА ВАКЦИНАЦИЈА[1],
VACCINATION DATE[1]
ВАЖНОСТ ОД[1], VALID FROM[1]
ВАЖНОСТ ДО[1], VALIC UNTIL[1]
ОВЛАСТЕН ВЕТЕРИНАР/
AUTHORISED VETERINARIAN
ПОТПИС И ПЕЧАТ/
STAMP & SIGNATURE


ПОТПИС И ПЕЧАТ/
STAMP & SIGNATURE
стр. 17 од 20
page 17 out of 20


X. КЛИНИЧКИ ИСПИТУВАЊА/ CLINICAL EXAMINATION
ИЗЈАВА / DECLARATION
ДАТА / DATE
ОВЛАСТЕР ВЕТЕРИНАР/
AUTORISED VETERINARIAN
Животното не покажува знаци на болести и е во состојба да се транспортира со цел патување / The animal shows no signs od diseases and is fit to be trasported for the intended journey
*Најмалку име, адреса, телефонски број и потпис / At least name, address, telephone number and signature
стр. 18 од 20
page 18 out of 20


XI. ВЕРИФИКАЦИЈА/ LEGALISATION
НАДЛЕЖНО ТЕЛО / LEGALISING BODY
ДАТА / DATE
ПЕЧАТ И ПОТПИС / STAMP & SIGNATURE
ПОТПИС И ПЕЧАТ/
STAMP & SIGNATURE
стр. 19 од 20
page 19 out of 20


XII. ДРУГО/ OTHERS
стр. 20 од 20
page 20 out of 20



4417.

Во согласност со член 88 став (10) и член 92 став (5) од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ТРАНЗИТ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ПРОВЕРКИТЕ И ПРЕГЛЕДОТ НА ПРАТКИТЕ ВО ТРАНЗИТ И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УВОЗ НА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ (*)

Член 1

Предмет

Со овој правилник се пропишуваат начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит и начинот и постапката за увоз на домашни миленици.

Член 2

Дефиниции

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1) "некомерцијално движење" е било кое движење, вклучително и увоз, извоз и транзит, кое нема за цел продавање или пренос на сопственштво на домашен миленик;

2) "домашен миленик" е животно од одреден вид наведен во Прилог I кој е составен дел на овој правилник, кое го придружува сопственикот или овластеното лице за време на некомерцијалното движење и кое останува за време на таквото некомерцијално движење под одговорност на сопственикот или овластеното лице;

3) "сопственик" е физичко лице наведено како сопственик во документ за идентификација;

4) "овластено лице" е било кое физичко лице кое има овластување во пишана форма од сопственикот да спроведува некомерцијално движење на домашно миленице во име на сопственикот;

5) "надлежен орган" е царински службеник или официјален ветеринар;

6) "место за влез на патници" значи било кое место одредено од страна на Владата на Република Македонија за вршење на контролите утврдени во член 12 став (1) од овој правилник.

Член 3

Максимален број на домашни миленици

(1) Максималниот број на домашни миленици за видовите наведени во Прилог I дел А од овој правилник кои може да го придружуваат сопственикот или овластеното лице за време на некомерцијално движење е пет.

(2) По исклучок од став (1) на овој член максималниот број на домашни миленици од став (1) на овој член може да се надмине доколку:

1) некомерцијалното движење е со цел учество во натпревари, изложби, спортски настани или тренинг за такви настани;

2) сопственикот или овластеното лице поднесе писмен доказ дека домашните миленици се регистрирани да присуствуваат на настан наведен во точка 1) од овој став или се регистрирани во здружение кое организира таков настан и

3) домашните миленици се постари од шест месеци.

(3) Надлежниот орган може да преземе проверки на лице место со цел да се провери веродостојноста на информациите дадени согласно став (2) точка 2) на овој член.

(4) Доколку максималниот број на домашни миленици од став (1) на овој член е надминат и барањата од став (2) на овој член не се исполнети, за домашните миленици треба да бидат исполнети ветеринарно здравствените барања утврдени во Законот за ветеринарно здравство, за соодветните видови, и овие животни подлежат на ветеринарни проверки утврдени во Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листи на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакулура и производи од животинско потекло(*1).

(5) Со цел да се спречи комерцијално движење на домашни миленици од видовите од Прилог I дел Б од овој правилник, кое се претставува како некомерцијално движење, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: Агенцијата), согласно член 10-а од Законот за ветеринарно здравство, може да го утврди максималниот број на домашни миленици од видовите наведени во Прилог I дел Б од овој правилник кои може да го придружуваат сопственикот или овластеното лице за време на некомерцијално движење.

Член 4

Барања кои се применуваат за некомерцијално движење на домашни миленици од видовите од Прилог I дел А

(1) Домашните миленици од видовите од Прилог I дел А од овој правилник за да се внесат во Република Македонија треба:

1) да се означени со вметнување на микрочип во согласност со Правилникот за идентификација и регистрација на домашни миленици, или со јасно читлива тетоважа ставена пред 3-ти јули, 2011-та година;

2) да имаат применo вакцина против беснило во согласност со спецификациите наведени во Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерки кои треба да се преземат за сузбивање и искоренување на беснилото;

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 576/2013 на Европскиот Парламент и на Советот на 12 јуни 2013 година за некомерцијално движење на домашни миленици и ја поништува Регулатива (ЕЗ) бр. 998/2003 (CELEX бр. 32013R0576) и Регулативата на Комисијата за спроведување (ЕУ) бр. 577/2013 на 28 јуни 2013 за моделот на документи за идентификација за некомерцијално движење на кучиња, мачки и феретки, воспоставувањето на листа на територии и трети земји и форматот, изгледот и јазичните барања на декларациите со кои се потврдува усогласеноста со некои услови обезбедени во Регулативата (ЕУ) бр. 576/2013 на Европскиот парламент и на Советот (CELEX бр. 32013R0577).

3) да бидат подложени на тест за беснило со титрација на антитела во согласност со спецификациите наведени во Правилникот за начинот и постапката за пријава на појава на беснило кај домашни и диви животни и мерките за спречување и искоренување на беснилото;

4) да ги исполнуваат сите превентивни здравствени мерки за болести или инфекции, различни од беснило.

5) да се придружени од документ за идентификација (пасош за земјите од Прилог II дел А кој е составен дел на овој правилник и ветеринарно здравствен сертификат од член 10 од овој правилник за земјите од Прилог II дел Б од овој правилник) пополнет и издаден во согласност со член 10 или 11 од овој правилник и

6) да бидат внесени во Република Македонија преку место за влез на патници.

(2) По исклучок од став (1) точка 6) од овој член регистрирани воени кучиња и кучиња за потрага и спасување може да влезат преку место на влез различно од место за влез за патници доколку:

а) сопственикот или овластеното лице претходно доставил барање за издавање на дозвола и Агенцијата има дадено таква дозвола и

б) кучињата се подложени на проверки во согласност со член 12 став (2) од овој правилник на место одредено за таа цел од страна на надлежниот орган.

Член 5

Отстапување од барањата за вакцинација против беснило за млади домашни миленици од Прилог I дел А

(1) По исклучок од член 4 став (1) точка 2) на овој правилник, надлежниот орган може да дозволи некомерцијално движење на домашни миленици од Прилог I дел А од овој правилник, од одредени земји, доколку:

1) не се постари од 12 недели и немаат примено вакцина против беснило или

2) се на возраст помеѓу 12 и 16 недели и имаат примено вакцина против беснило, но се' уште не ги исполнуваат барањата за валидност.

(2) Надлежниот орган може да дозволи некомерцијално движење на домашни миленици од Прилог I дел А од овој правилник од став (1) на овој член доколку:

1) сопственикот или овластеното лице обезбеди потпишана изјава, која е дадена во Прилог IV дел 1 кој е составен дел на овој правилник, дека од раѓање па се' до моментот на некомерцијалното движење домашните миленици немале контакт со диви животни од видови кои се приемчиви на беснило или

2) домашните миленици се придружени од мајката, од која тие се' уште зависат, и документ за идентификација кој ја придружува мајката од кој може да се утврди дека пред нивното раѓање мајката примила вакцина против беснило која е во согласност со барањата за валидност.

Член 6

Отстапување од барањата за вршење тест за титрација со антитела за домашни миленици од Прилог I дел А

По исклучок од член 4 став (1) точка 3) на овој правилник надлежниот орган може да дозволи некомерцијално движење на домашни миленици од Прилог I дел А од овој правилник, кои не се подложени на тест за беснило со титрација на антитела доколку животното:

1) се движи директно од земја наведена во Прилог II дел А или дел Б од овој правилник;

2) претходно престојувало единствено во земја наведена во Прилог II дел А или дел Б од овој правилник или

3) после транзит низ земја која не е наведена во Прилог II дел А или дел Б од овој правилник, доколку сопственикот или овластеното лице обезбеди потпишана изјава, која е дадена во Прилог IV дел 2 од овој правилник, дека за време на транзитот домашните миленици немале никаков контакт со животни од видот кој е приемчив на беснило и останuваат обезбедени во превозно средство или во периметарот на меѓународниот аеродром.

Член 7

Територии и трети земји од кои се врши некомерцијално движење на домашни миленици

(1) Листата на територии и трети земји од кои се врши некомерцијално движење на домашни миленици од Прилог I Дел А од овој правилник, е дадена во Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листи на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакулура и производи од животинско потекло.

(2) За да се впише во Листата на територии и трети земји од кои се врши некомерцијално движење на домашни миленици од Прилог I Дел А од овој правилник треба да:

1) се демонстрира дека се применуваат правила, чија содржина и ефект се исти како наведените во член 4, 5, 6, 12, 13, 14 и 15 од овој правилник или

2) ги исполнуваат следните барања:

1) надлежните органи задолжително се известуваат за случаи на беснило;

2) воведен е ефикасен систем за надзор на беснило кој фукционира најмалку две години пред поднесувањето на барањето, чиј минимален услов е присуство на тековна програма за рано откривање за да се осигура истрага и пријавување на животни кај кои постои сомневање дека се заразени со беснило;

3) структурата и организацијата на ветеринарните служби и службите за контрола и овластувањата на таквите служби, надзорот на кој се подложени и средствата кои им се на располагање, вклучително и капацитетот на персоналот и лабораторијата се доволни за да:

а) ефективно се примени и да се спроведе националното законодавство за некомерцијално движење на домашни миленици и

б) се гарантира валидноста на документот за идентификација во формат даден во член 11 од овој правилник и издаден во согласност со член 12 од овој правилник;

4) воведени се правила за спречување и контрола на беснило и спроведени се ефективно за да се минимизира ризикот од инфицирање на домашни миленици, влучително и правила за увоз на домашни миленици од други земји или територии, и таму каде што е соодветно за:

а) контрола на популациите на кучиња и мачки скитници;

б) вакцинација на домашни миленици против беснило, особено каде што е утврдено присуство на беснило кај лилјаци-вампири и

в) контрола и искоренување на беснило кај диви животни и

5) на сила се правилата за лиценцирање и маркетинг на вакцини против беснило.

Член 8

Барања кои се применуваат за некомерцијално движење на домашни миленици од видот наведен во Прилог I дел Б

Некомерцијално движење на домашни миленици од видовите од Прилог I дел Б од овој правилник од трета земја или територија на трета земја се врши во согласност со Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листи на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, и доколку:

1) се означени и опишани според барањата одредени во Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листи на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакулура и производи од животинско потекло,

2) ги исполнуваат сите превентивни здравствени мерки за болести или зарази, различни од беснило,

3) се придружени од документ за идентификација во форма на здравствен сертификат за животни прописно пополнет и издаден во согласност со член 14 став (2) на овој правилник и

4) влегуваат во Република Македонија преку гранично инспекциско место.

Член 9

Листа на територии и трети земји

Директорот на Агенцијата, согласно член 10-а од Законот за ветеринарно здравство, може да воспостави листа на трети земји и територии од нив кои имаат демонстрирано дека за домашни миленици од видовите наведени во Прилог I дел Б од овој правилник, важат правилата чија содржина и ефект се исти со наведените во член 8, 9, 12, 13, 14 и 15 од овој правилник.

Член 10

Ветеринарно - здравствен сертификат за некомерцијален движење во Република Македонија на кучиња, мачки и феретки

(1) Ветеринарно - здравствениот сертификат за некомерцијално движење во Република Македонија од член 4 став (1) точка 5) на овој правилник треба да биде:

1) изготвен во согласност со моделот наведен во Прилог III Дел 1 кој е составен дела на овој правилник;

2) пополнет и издаден во согласност со објаснувањата наведени во Прилог III Дел 2 од овој правилник и

3) надополнет со писмена изјава наведена во член 11 став (3) од овој правилник, која се изготвува во согласност со моделот наведен во Прилог III Дел 3 Оддел А од овој правилник и која ги исполнува дополнителните барања наведени во Прилог III Дел 3 Оддел Б од овој правилник.

(2) Ветеринарно - здравствениот сертификат од став (1) на овој член ги содржи следните информации:

1) местото на транспондерот или тетоважата и датумот на примена или датумот на читање на транспондерот или тетоважата, како и алфанумеричкиот код кој е прикажан на транспондерот или тетоважата;

2) видот, расата, датумот на раѓање како што се наведени од страна на сопственикот, полот и бојата на домашното миленичe;

3) единствениот референтен број на сертификат;

4) името и информациите за контакт на сопственикот или овластеното лице;

5) името, информациите за контакт и потписот на официјалниот или овластен ветеринар кој го издава документот за идентификација;

6) детални податоци од вакцинцијата против беснило;

7) датумот на земање примерок од крв за тестот за беснило со титрација на антитела;

8) исполнување на сите превентивни здравствени мерки за болести или инфекции, различни од беснило;

9) името и потписот на претставникот на надлежниот орган кој го дава одобрувањето;

10) името, потписот и информациите за контакт на претставникот на надлежниот орган кој ги извршува проверките наведени во член 12 од Правилникот за барањата за некомерцијално движење на домашни миленици и датумот на овие проверки и

11) други релевантни информации во врска со здравствениот статус на домашниот миленик.

(3) Писмена декларација потпишана од страна на сопственикот или овластеното лице која потврдува дека движењето на домашните миленици во Република Македонија е некомерцијално движење, е дел од документот за идентификација од член 4 точка 5) од овој правилник.

(4) Документот за идентификација од член 4 точка 5) од овој правилник го издава официјалниот ветеринар од трета земја на потекло врз основа на придружната документација, или од страна на овластен ветеринар и последователно одобрен од страна на надлежниот орган од третата земја на потекло, откако ветеринарот кој го врши издавањето:

1) потврди дека домашното миленичe е обележано во согласност со член 4 од овој правилник и

2) соодветно ги пополни релевантните полиња на ветеринарно – здравствениот сертификат со информации од став (2) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7) и 8) на овој член, и со тоа се заверува исполнувањето на барањата наведени во член 4 став (1) точка 1) на овој правилник, и доколку е применливо барањето од член 4 став (1) точки 2), 3) и 4) на овој правилник.

Член 11

Отстапување за некомерцијално движење на домашни миленици во Република Македонија

По исклучок од барањата утврдени во членовите 4 и 8 од овој правилник, во исклучителни ситуации може да се дозволи некомерцијално движење на домашни миленици, доколку:

1) сопственикот има поднесено претходно барање за издавање на дозвола и надлежниот орган има дадено таква дозвола и

2) домашните миленици се изолирани под службен надзор за периодот потребен за да ги исполнат тие услови кој не надминува шест месеци, и тоа:

(а) на место одобрено од страна на надлежен орган и

(б) во согласност со условите воспоставени во дозволата.

Член 12

Проверки на документацијата и идентитетот кои се вршат во однос на некомерцијалното движење на домашни миленици во Република Македонија

(1) Со цел да се провери усогласеноста со барањата утврдени во членовите 4, 5 и 6 од овој правилник, надлежниот орган врши проверки на документацијата и идентитетот на домашни миленици на местото за влез на патници за нивно некомерцијално движење во Република Македонија.

(2) Сопственикот или овластеното лице, за време на влезот во Република Македонија стапува во контакт со надлежниот орган присутен на местото на влез со цел да се извршат проверките наведени во став (1) став на овој член и:

1) го приложува документот за идентификација на домашниот миленик кој се бара во согласност со овој правилник што би демонстрирало усогласеност со барањата за такво движење и

2) овозможи да се изврши проверка на домашното миленичe.

Член 13

Постапки на надлежниот орган при транзит и увоз

Надлежниот орган кој ги извршува проверките од член 12 од овој правилник треба:

1) целосно да е запознаен со барањата утврдени во членовите 4, 5 и 6 од овој правилник и службените лица кои се претставници на надлежниот орган се соодветно обучени за нивна примена;

2) да води евиденција за целокупниот број на проверки кои се извршени и на случаите на неусогласеност откриени за време на тие проверки и

3) да ги забележува проверките кои се извршени во релевантното поле во документот за идентификација таму каде што таквата документација е потребна за потребите на некомерцијално движење на миленици кои транзитираат.

Член 14

Активности кои се преземаат во случај на неусогласености откриени за време на проверките наведени во членовите 12 и 13

(1) Доколку проверките наведени во член 12 од овој правилник откриваат дека домашното миленичe не ги исполнува барањата утврдени во членовите 4, 5 или 6 од овој правилник, официјален ветеринар или царинскиот службеник по консултација со официјален ветеринар и таму каде што е потребно со сопственикот или овластеното лице, одлучува да:

1) се врати домашното миленичe во својата земја или територијата на потекло;

2) се изолира домашното миленичe под службената контрола за периодот потребен тоа да ги исполни условите утврдени во членовите 4, 5 или 6 од овој правилник или

3) како крајна мерка кога неговото враќање не е возможно или кога неговата изолација не е практична, да се безболно да се успие животното во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните.

(2) Кога надлежниот орган нема да даде дозвола за некомерцијално движење на домашни миленици, домашните миленици треба да бидат изолирани под официјален надзор до:

1) нивното враќање во земјата или територијата од каде е испратено или

2) донесувањето на било која друга административна одлука во врска со тие домашни миленици.

Член 15

Активности за информирање

(1) Агенцијата и обезбедува на јавноста јасни и лесно достапни информации во врска со барањата за здравјето на животните применливи за некомерцијалното движење на домашни миленици и правилата за проверки за усогласеност за такво движење, утврдени во овој правилник.

(2) Информациите од став (1) на овој член особено треба да го вклучат следното:

1) квалификациите потребни за лица кои ја извршуваат имплантацијата на транспондерот како што е наведено во Правилникот за идентификација и регистрација на домашни миленици;

2) дозволата за отстапување од условот за вакцинација против беснило за млади домашни миленици од видовите кои припаѓаат на Прилог I дел А од овој правилник како што е предвидено во член 5 од овој правилник;

3) условите кои се применуваат за некомерцијално движење на домашни миленици во Република Македонија, кои не се во согласност со членовите 4 или 8 од овој правилник;

4) листа на места за влез на патници, вклучително и надлежниот орган назначен да ги извршува проверките предвидени во член 13 од овој правилник;

5) условите кои се применуваат за некомерцијално движење во Република Македонија на домашни миленици од видовите кои припаѓаат во Прилог I дел Б од овој правилник, утврдени во член 8 од овој правилник;

6) информации за вакцини против беснило кои надлежниот орган на Република Македонија ги одобрил за ставање во промет и особено за соодветниот протокол за вакцинација.

(3) Агенцијата на својата интернет страна ги објавува информациите од ставот (1) на овој член.

Член 16

Престанок на важење

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапките за увоз и транзит и начинот и постапките за вршење на проверки и преглед на пратки домашни миленици кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорно лице како и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат и формата и содржината на пасошот („Службен весник на Република Македонија” број 102/08).

Член 17

Влегување во сила

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-2330/3
25 август 2015 година
Скопје

Директор на Агенција
за храна и ветеринарство,
м-р Зоран Поповски, с.р.

Прилог I

Видови на домашни миленици

Дел А:

Кучиња (*Canis lupus familiaris*);
Мачки (*Felis silvestris catus*);
Ферети (*Mustela putorius furo*).

Дел Б:

Без'рбетници (освен пчели и бумбари опфатени од Правилникот за начинот и постапката за идентификација и регистрација на пчели; мекотели и ракови наведени во Законот за рибарство и аквакултура);
Украсни водени животни;
Водоземци;
Рептили;
Цицачи: глодари и зајаци освен оние кои се наменети за производство на храна.

Прилог II

Дел А
Земји-членки на Европската Унија

ИСО Код	Земја-членка
AT	Австрија
BE	Белгија
BG	Бугарија
CY	Кипар
CZ	Република Чешка
DE	Германија
DK	Данска
EE	Естонија
EL	Грција
ES	Шпанија
FI	Финска
FR	Франција
HR	Хрватска
HU	Унгарија
IE	Ирска
IT	Италија
LT	Литванија
LU	Луксембург
LV	Латвија
MT	Малта
NL	Холадија
PL	Полска
PT	Португалија
RO	Романија
SE	Шведска
SI	Словенија
SK	Словачка Република
UK	Обединето кралство

Земји членки на ЕФТА

ИСО Код	Земја или територија
AD	Андора
CH	Швајцарија
FO	Фарски острови
GI	Гибралтар
GL	Гренланд
IS	Исланд
LI	Лихтенштајн
MC	Монако
NO	Норвешка
SM	Сан Марино
VA	Град држава Ватикан

Дел Б
Трети земји

ИСО код	Територија или трета земја	Вклучени територии
AC	Остров на Вознесението	
AE	Обединети Арапски Емирати	
AG	Антигва и Барбуда	
AR	Аргентина	
AU	Австралија	
AW	Аруба	
BA	Босна и Херцеговина	
BB	Барбадос	
BH	Бахреин	
BM	Бермуда	
BQ	Бонер, Свети Евстахиј и Саба (БЕС острови)	
BY	Беларусија	
CA	Канада	
CL	Чиле	
CW	Курасао	
FJ	Фиџи	
FK	Фолкландски острови	
HK	Хонг Конг	
JM	Јамајка	
JP	Јапонија	
KN	Свети Кристофер и Невис	
KY	Кајмански острови	
LC	Света Луција	
MS	Монтсерат	
MU	Мавриициус	
MX	Мексико	
MY	Малезија	
NC	Нова Каледонија	
NZ	Нов Зеланд	
PF	Француска Полинезија	
PM	Свети Пјер и Микелон	
RU	Русија	
SG	Сингапур	
SH	Света Елена	
SX	Свети Мартин	
TT	Тринидад и Тобаго	
TW	Тајван	
US	Соединети Американски Држави	AS – Американска Самоа GU – Гуам MP – Северни Маријански Острови PR – Порторико VI – Американски Девствени Острови
VC	Свети Винцент и Гренадини	
VG	Британски Девствени Острови	
VU	Вануату	
WF	Валис и Футуна	
YT	Мајот	

Прилог III

ДЕЛ 1

Образец на ветеринарно - здравствен сертификат за некомерцијален движење во Република Македонија на кучиња, мачки и феретки

ЗЕМЈА:/COUNTRY:

Ветеринарен сертификат за увоз во РМ/
Veterinary health certificate to RM

Дел I: Податоци за пратката/Part I: Details of dispatched consignemnt

I.1. Испраќач/Consignor Име/Name Адреса/Address Тел./Tel.				I.2. Референтен број на сертификат /Certificate reference No.		I.2.a.	
				I.3. Централен надлежен орган/ Central Competent Authority			
				I.4. Локален надлежен орган/ Local Competent Authority			
I.5. Примач/Consignee Име/Name Адреса/Address Поштенски број/Postal code Тел./Tel.				I.6.			
I.7. Земја на потекло/ Country of origin	ИСО код/ ISO code	I.8.		I.9.		I.10.	
I.11.				I.12.			
I.13				I.14.			
I.15.				I.16.			
				I.17.			
I.18. Опис на пратката/Description of commodity				I.19. Код на пратката (ХС код)/Commodity code (HS code) **010619**			
				I.20. Количина/Quantity			
I.21.				I.22.			
I.23.				I.24.			
I.25. Пратки сертифицирани за/Commodities certified for: Домашни миленичиња/Pets ☐							
I.26.				I.27.			

Идентификација на пратката/Identification of commodities

Видови (научно име) /Species (scientific name)	Пол /Sex	Идентификациски систем /Identification system	Боја /Color	Раса /Breed	Датум на апликација и/или читање транспондер/тетоважа [дд/мм/гг] /Date of application and/or reading of the transponder/tattoo [dd/mm/yyyy]	Идентификациски број /Identification number	Датум на раѓање [дд/мм/гг] /Date of birth [dd/mm/yyyy]

ЗЕМЈА/COUNTRY

Некомерцијално движење во Република Македонија од територија или трета земја на кучиња, мачки и феретки во согласност со член 3 ставови (1) и (2) од Правилникот за начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит и начинот и постапката за увоз на домашни миленици што е еквивалентно на член 5 (1) и (2) од Регулатива (ЕУ) бр. 576/2013/Non-commercial movement into Republic of Macedonia from a territory or third country of dogs, cats or ferrets in accordance with Article 3 paragraph (1) and (2) of The Book of rules on manner and procedure of transit, manner and procedure of checks and inspection of consignments in transit and the manner and procedure for import of pets which is equivalent to Article 5(1) and (2) of Regulation (EU) No. 576/2013

II. Здравствени информации/Health information	II.a. Референтен број на сертификат /Certificate reference No.	II.b

Јас, долупотпишаниот официјален ветеринар([1])/ветеринар овластен од страна на надлежниот орган([1]).....*(впиши име на територија или трета земја)*, потврдувам дека:
/ I the undersigned official veterinarian ([1])/veterinarian authorized by the competent authority ([1]) ..... (*insert name of territory or third country),*certify that:

Цел/природа на патување потврдено од страна на сопственикот:/ Purpose/nature of journey attested by the owner:

II.1. во приложената изјава ([2]) од страна на сопственикот или физичко лице кое има писмено овластување од сопственикот за некомерцијално движење на животните во име на сопственикот, поткрепена со докази ([3]), стои дека животните опишани во поле I.28 ќе ги придружува сопственикот или физичко лице кое има писмено овластување од сопственикот за некомерцијално движење на животни во име на сопственикот во рок од најмногу пет дена и не се предмет на движење кое има за цел нивна продажба или пренос на сопственост, а во текот на некомерцијалното движење ќе останат под надлежност на/ the attached declaration ([2]) by the owner or the natural person who has authorization in writing from the owner to carry out the non-commercial movement of the animals on behalf of the owner, supported by evidence ([3]) states that the animals described in Box I.28 will accompany the owner or the natural person who has authorization in writing from the owner to carry out the non-commercial movement of the animals on behalf of the owner within not more than five days of his movement and are not subject to a movement that aims at their sale or a transfer of ownership, and during the non-commercial movement will remain under the responsibility of

([1]) *или* [сопственикот;] / *either* [the owner;]

([1]) *или/or* [физичко лице кое има писмено овластување од сопственикот за некомерцијално движење на животни во име на сопственикот;]/ [the natural person who has authorization in writing from the owner to carry out the non-commercial movement of the animals on behalf of the owner;]

([1]) *или/or* [физичко лице именувано од договорениот превозник од страна на сопственикот за некомерцијално движење на животни во име на сопственикот;]/ [the natural person designated by a carrier contracted by the owner to carry out the non-commercial movement of the animals on behalf of the owner;]

([1]) *или/either* [II.2. животни опишани во поле I.28 се пет на број или помалку;]/ [II.2. the animals described in Box I.28 are moved in a number of five or less;]

